*Број 02-293/1*
*22.07.2019 год.*
*Скопје*

# УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
## Број 4/2019

22 јули, 2019 година
Скопје

## СОДРЖИНА

---

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

### А) ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ:

1. Еден наставник во научно истражувачко подрачје: општествени науки, научно истражувачко поле: 506 организациони науки и управување (менаџмент), област: 50623 Претприемништво, 50624 друго........................................................................................ 2

**Издавач**
**Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ОД НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ 506 ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ), ОБЛАСТ 50623 ПРЕТПРИЕМНИШТВО, 50624 ДРУГО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ
врз основа на Конкурс објавен во Нова Македонија на 24 април 2019 година

**д-р Радмил Поленаковиќ, редовен професор, претседател, Машински факултет во Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Република Северна Македонија,**

**д-р Зоран Јаневски, редовен професор, член, Економски Институт во Скопје,**

**Универзитет Св.Кирил и Методиј, Република Северна Македонија,**

**д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член, Факултет за претприемачки бизнис,**

**Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Северна Македонија.**

| | |
|---|---|
| | **До Наставно научниот совет на**<br>**Факултетот за претприемачки бизнис на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје**<br>**Република Македонија** |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на д-р Љубиша Николовски, доцент, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50623 Претприемништво и 50624 Друго.

Врз основа на член 92 став 1 алинеја 2 и 14 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент, согласно член 52 став 1, алинеја 2 од Законот за високото образование (17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015, 30/2016 и 127/2016), ННС на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, донесе одлука за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле организациони науки и уравување (менаџмент), област 50603 Претприемништво, 50613 Бизнис менаџмент, 50613 Стратешки менаџмент и 50624 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На истата седница, именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и уравување (менаџмент), област: 50623 Претприемништво и 50624 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. д-р Радмил Поленаковиќ, редовен професор, претседател, Машински факултет во Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Република Северна Македонија,

2. д-р Зоран Јаневски, редовен професор, член, Економски Институт во Скопје,Универзитет Св.Кирил и Методиј, Република Северна Македонија,
3. д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член, Факултет за претприемачки бизнис, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Северна Македонија.

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле организациони науки и уравување (менаџмент), област 50603 Претприемништво, 50613 Бизнис менаџмент, 50613 Стратешки менаџмент и 50624 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 24 април 2019 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk) на 24 април 2019 година;
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Љубиша Николовски, доцент на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје;
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,
Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

## И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Љубиша Николовски, доцент, на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
2. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – доцент и вонреден професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015; 30/2016 и 127/2016) *(Прилог 3),* како и
4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент и вонреден професор *(Прилог 4),*
5. Потврда за учество во научно-истражувачки проект *(Прилог 5),*
6. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6),*
7. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање звање насловен доцент за група предмети од областа на претприемачкиот бизнис *(Прилог 7).*
8. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање доцент *(Прилог 8).*

1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Љубиша Николовски

Кандидатот, доц. д-р Љубиша Николовски е роден на 09.03.1952 во Скопје. Основно образование завршил во ОУ „Владимир Назор“ во Скопје, а средното образование во гимназија ДУСО „Цветан Димов“ во Скопје. Дипломирал на 27.06.1978 година на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Институт за производно машинство и машини алатки, насока металопреработувачка и стекнува стручен назив дипломиран машински инженер.

Завршил постдипломски студии на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, насока организација на производството и успешно одбранил магистерски труд на 16.06.1989 година и се стекнува со академски степен, магистер по машински науки.

Завршил докторски студии на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, со избор на тема за докторатот под наслов: „Флексибилен модел за планирање и управување на производството во малите и средните претпријатија од металопреработувачката индустрија“, при што се стекнал со називот доктор на технички науки (PhD).

По дипломирањето се вработил во РО Фабрика за автобуси „11 Октомври“ – Скопје во Службата за организација на производството и автоматска обработка на податоци. Во 1982 година се вработил во СОЗТ Металски завод „Тито“, односно во РО Фабрика за алатни машини (ФАМ) – Скопје, односно на 01.06.1991 година е на работно место Директор на ДОО „МЗТ – Делови за машини“ – Скопје.

Од 01.06.1991 година работи на следние работи и работни задачи: (1) Помошник на директорот на Републичкиот фонд за развој – Скопје, (2) Помошник на директорот на Агенцијата на Република Македонија за транформација на претпријатијата со општествен капитал, во областа на металопреработувачкиот комплекс и црната и обоената металургија, (3) Координатор на владиниот проект за развој на малите и средните претпријатија поддржан од ЕУ – програмата ФАРЕ, (4) Заменик директор на Националната Агенција за развој на мали средни претпријатија (НЕПА), и (5) Раководител на сектор за институционална поддршка и трансфер на знаење во Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ). Во 1996 година во Скопје, кандидатот положил стручен испит за застапници во постапката за заштита на правата од индустрика сопственост.

Во 1990 година на Институтот за развој на СОЗТ – Металски завод „Тито" – Скопје е избран за Соработник – помлад асистент во областа на управувањето со производствените системи.
Во 2010 година, со Одлука на наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, бр.2702-6913 од 16.12.2010 година, е избран во наставно звање насловен доцент за наставно-научно подрачје машинство. Во академската година 2010/2011 бил ангажиран во наставата на првиот циклус на студии како визитинг професор по предметот Индустриски менаџмент.
Во 2012 година, со Одлука на Сенатот на Универзитететот за туризам и менаџментот во Скопје, бр.02-204/1 од 24.10.2012 година, е избран како наставник за група предмети од областа на претприемачкиот бизнис. Во учебната 2012/2013 и 2013/2014 година на УТМС на редовните и вонредните студенти ги предавал следните предмети:
а) додипломски студии: Иновативен менаџмент, Претприемаштво и мал бизнис, Стратегиски менаџмент, Деловно одлучување, и Бизнис план.
б) постдипломски студии: Претприемаштво и претприемачки бизнис, Оперативен менаџмент.
Учествувал на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на организација на производството, претприемаштвото и бизнис менаџментот во земјата и странство. Ги користи англискиот и германскиот јазик. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, PowerPoint, и Интернет.
Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирал својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на организациските науки и управувањето.

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:
2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и
2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Д-р Љубиша Николовски на 25.07.1990 година на Институтот за развој при СОЗТ - Металски завод „Тито“ во Скопје е избран во соработничко звање помлад асистент во областа на управувањето со производствените системи.
Д-р Љубиша Николовски на 16.12.2010 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 01.12.2010 (*Прилог*), со Одлука на наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, бр.2702-6913 од 16.12.2010 година, е избран во наставно звање насловен доцент за наставно-научно подрачје машинство (*Прилог*). Во академската година 2010/2011 бил ангажиран во наставата на првиот циклус на студии како визитинг професор по предметот Индустриски менаџмент.
Д-р Љубиша Николовски на 24.10.2012 година, со Одлука на Сенатот на Универзитететот за туризам и менаџментот во Скопје, бр.02-204/1 од 24.10.2012 година, е избран како наставник за група предмети од областа на претприемачкиот бизнис.

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Љубиша Николовски во неговата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишал докторска дисертација и објавил 1 научен труд во меѓународни научни публикации, и 10 трудови во зборници од меѓународни и домашни научни конференции и едно поглавје во книга.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема „Флексибилен модел за планирање и управување на производството во малите и средните претпријатија од металопреработувачката индустрија“ кандидатот ја одбранил на 20.04.2010 на Машинскиот факултет Факултет во Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, пред Комисија во состав: проф. д-р Делчо Јованоски, ментор (Машински факултет Факултет во Скопје), проф. д-р Ванчо Донев, член (Машински факултет Факултет во Скопје), проф. д-р Роберт Миновски, член (Машински факултет Факултет во Скопје), проф. д-р Владимир Дуковски, член (Машински факултет Факултет во Скопје), и Вон.проф.д-р Радмил Поленаковиќ, член (Машински факултет Факултет во Скопје). Со одбраната на

докторската дисертација, кандидатот се стекна со академска титула *доктор по технички науки* (PhD).

Докторската дисертација претставува квалитетен истражувачко-научен труд кој дава значаен придонес во областа на производствениот менаџмент, со посебен акцент на креирањето на флексибилен модел за планирање и управување на производството (ПУП). Во овој труд е развиена методологија за (1) анализа на состојбата на постојните системи за планирање и управување на производството, и (2) воспоставување на решенија како делови од основниот модел на ПУП со можност за нивно прилагодување спрема потребите и целите кои се поставени од страна на менаџментот на таргетираното претпријатие. Авторот покажал широко и длабоко познавање на обработената проблематика и во својот труд применил современи пристапи и методи кои соодветно организирани во рамките на еден модел обезбедуваат реализација на зацртаните цели.

Дисертацијата е компонирана во 4 делови, односно во 10 логично поврзани поглавја.

Во првиот дел од дисертацијата преовладуваат предметот и методологијата на третираната проблематика, како и осврт на досегашните истражувања на истата во литературата и индустриската практика. Во вториот дел е дефиниран концептот на моделот за планирање и управување на производството (ПУП), додека во третиот дел е детално разработен моделот на ПУП. Во четвртиот дел е поместено резимето од истражувањата.

Во *првото поглавје*, односно во воведното излагање презентирани се предметот и потребата од вакви истражувања, користената методологија и очекуваните резултати од истите.

Во *второто поглавје* се поместени сознанијата за третираната проблематика во светската литература и индустриска практика, јапонското искуство, македонското искуство и осврт на одделни пристапи и решенија презентирани во повеќе објавени трудови и литература.

Концептот на основниот модел на ПУП е претставен во *третото поглавје*. Притоа, основната идеја на моделот е дефинирана преку разработка на повеќе фактори кои се од големо значење за структурирањето на моделот, како и компонентите (модулите) на флексибилниот модел. Во таа смисла, презентирана е една нова перспектива на системите за ПУП, односно филозофија во чија основа лежи иновацијата – подобрувањето на постојните конвенционални системи на ПУП, како многу важен и во исто време комплементарен дел на процесот на реализација на производството и управувањето со квлитетот. Во рамките на ова поглавје се разработени повеќе карактеристики на креираниот модел на ПУП.

Во *четвртото поглавје* е разработен првиот модул на ФЛЕКСОПУП – основно планирање на производството во кој се поместени функциите: (1) процесирање и управување на нарачките на купувачите, (2) планирање и распоредување на производството, и (3) опфат на фазите на развој на производите и процесите. Со наведените функции се врши пренесување на договорените производи/услуги од

деловната во производствената средина, при што динамиката на нивната реализација се усогласува со барањата кои се поставени од страна на купувачите.

Проверката на обезбеденоста на планот на производството со потребните ресурси е презентирана во *петтото поглавје* во кое се разработени функциите: (1) планирање потреби од материјали, (2) планирање потреби од капацитети и (3) налози за набавка/обезбедување на потребните ресурси.

Во *шестото поглавје* е претставен третиот модул на ФЛЕКСОПУП – терминирање во кој се поместени функциите: (1) терминирање на делови, (2) терминирање на капацитети и (3) определување приоритети. Спроведувањето на процедурите во рамките на овие функции резултира во определување термини за изработка на позициите – деловите, како и термините за монтажа на составите и производот во целина. Авторот на овој труд истакнува дека, кај традиционалните системи на ПУП, терминирањето како функција е прилично сложено и создава потешкотии во спроведувањето во континуитет, односно истото претставува причина за: (1) непотполната имплементација на системите на ПУП, и (2) неможна одржливост на подолг рок. За таа цел, во ова поглавје се разработени алгоритми кои го подобруваат и олеснуваат процесот на терминирањето во целост, односно го чинат моделот на ПУП во голема мерка флексибилен.

Во *седмото поглавје* се разработени определби и решенија кои се насочени кон релативно поголемо подобрување во делот на балансирањето на процесите за сметка на балансирање на капацитетите. Основни функции во овој модул се: (1) издавање производни налози и (2) работилничка документација. Резултат на алгоритмот на првата функција претставува дефиниран распоред на активности/операции за реализација во одредена терминска единица – ТЕ (седмица во тековната година) од страна на конкретна т.н. релативно автономна производна единица – РАПЕ. Основниот принцип на секое планирање и управување на производството претставува континуираното следење на извршувањето на производните налози. На тој начин можно е да се превземаат соодветни активности во случај реализацијата да не се одвива спрема плановите.

Во *осмото поглавје* е претставен петтиот модул на ФЛЕКСОПУП, кои преку потфункциите: (1) мониторинг, (2) споредување и (3) регулирање, ја остварува функцијата – управување на издадените производни налози, што во основа го чини системот на повратни информации генератор на јасни и еднозначни квантитативни податоци за тоа што е извршено.

Воведувањето на флексибилниот модел во конкретно претпријатие претпоставува идентификација на вистинската состојба во претпријатието, како и потребите/целите кои во одредена временска динамика треба да се остварат. Во таа смисла, во *деветото поглавје* се поместени: (1) преглед на процедури за воведување – имплементација на решенијата/алгоритмите, и (2) поврзаност на процедурите за имплементација. За таа цел, во прилог на докторската дисертација, како посебен материјал, се поместени единаесет (11) прилози кои, меѓу другото, третираат дванаесет (12) процедури за имплементација на конкретни решенија/алгоритми опфатени во одредени модули од основниот текст на докторската дисертација.

Во *десетото поглавје* е прикажана една компримирана слика на целокупниот модел, вклучувајќи ги неговите составни делови – модули, како и користените методски пристапи во соодветни модули. Посочен е и придонесот на резултатите од истражувањето, вообличен во конкретни решенија/подобрувања на традиционалните системи на ПУП. На крајот се дадени и насоки за понатамошен развој на флексибилниот модел на ПУП.

<u>*Научен придонес на докторската дисертација*</u>

Докторската дисертација на кандидатот Љубиша Николовски, претставува квалитетен истражувачко-научен труд кој дава значаен придонес во областа на производствениот менаџмент, со посебен акцент на креирањето на флексибилен модел за планирање и управување на производството. Во овој труд е развиена методологија за (1) анализа на состојбата на постојните системи за планирање и управување на производството, и (2) воспоставување на решенија како делови од основниот модел на ПУП со можност за нивно прилагодување спрема потребите и целите кои се поставени од страна на менаџментот на таргетираното претпријатие.

Во трудот постојано е присатна определбата да “влезот„ во одделни функции на секој модул претставуваат податоци и информации од реалните случувања во производството и неговата блиска околина. Овој оргинален пристап го чини креираниот модел изразено флексибилен во процесот на (1) имплементацијата на сите негови решенија/алгоритми, и (2) одржливиот развој на истиот, што од своја страна претставува способност за соодветен одговор на сите можни пореметувачки влијанија во процесот на реализација на производните налози. За таа цел, авторот има креирано повеќе датотеки со изворни и/или изведени податоци кои се структурирани така да обезбедуваат услови за реализацијата на наведениот пристап.

Авторот покажал широко и длабоко познавање на обработената проблематика и во својот труд применил современи пристапи и методи кои содветно организирани во рамките на еден модел обезбедуваат реализација на зацртаните цели.

2.2.2. Објавени научни трудови

2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Љубиша Николовски покрај докторската дисертација објавил 11 научни трудови.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

Пред изборот во звање доцент, д-р Љубиша Николовски објавил 1 научен труд.

1. Ваднјал, Јака и Љубиша Николовски. 2012. „The comparative evaluation of the SME support programs: The case of voucher system of counselling transferred from Slovenia to Macedonia“, East-West Journal of Economics and Business,

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

Пред изборот во звање доцент, д-р Љубиша Николовски објавил 10 научни трудови.

1. Николовски, Љубиша. 2012. „Јакнење на претприемништвото и пристап на глобалниот пазар преку ваучерскиот систем на советување“. *Во Зборник на трудови од Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии, „Од либерализација до глобализација – предизвици на светот што се менува“,Септември 13-15, 2012, 58-66. Штип, Р. Македонија,* Економски факултет – Универзитет „Гоце Делчев“
2. Николовски, Љубиша. 2012. „Factors for increasing flexibility of systems for production planning and control”. *In Proceedings of the Jubilee X international scientific conference ”Management and engineering’12”, June, 17-20. Volume I: 145-152, Sozopol, Bulgaria,*
3. Николовски, Љубиша. 2012. „Encourage businessis to innovate and enhance the flow of knowledge“.*In Proceedings of the Jubilee X international scientific conference ”Management and engineering’12”, June, 17-20, Volume I: 394-401. Sozopol, Bulgaria,*
4. Николовски, Љубиша. 2012. „Preduzetnicko savetovanje kao sistem“. *U zborniku radova Majske konferencije o strategijskom menadžmentu sa međunarodnim učešćem, 25 - 27. 5. 2012, Bor, 456-463. Srbija,* Univerzitet u Beogradu, tehnichki fakultett u Boru – otsek za menadzment.
5. Николовски, Љубиша. 2011 „Innovative Entrepreneurship – basis for getting involved in the globalization and regionalization processes“. *Во зборник на трудови на Четврта меѓународна конференција за препр иемништво, иновации и регионален развој – ICEIRD 2011, Охрид, 05 – 07 мај 2011 година, 870-874.*
6. Николовски, Љубиша. 2008. „Разбирање на иновациите и поддршка на малите бизниси за нивна имплементација”. *Во зборник на трудови на Small Business Conference „Sustainable Entrepreneurship Networking”, Скопје, 27.11.2008 година, 45-52.*
7. Николовски, Љубиша. 2008. „Човечките ресурси и малите претпријатија во секторот туризам”. *Во зборник на трудови на Меѓународен симпозиум „Туризмот во 21-от век”, Скопје, 26-27 септември 103-122. ,2008 година,*
8. Николовски, Љубиша и Маријан Стојчев, 2008. „Иновативен ваучер – проширување на програмата за субвенционирано ваучерско советување”. *Во зборник на трудови на Научен собир во организација на Економскиот институт во Скопје, Скопје, 23.05.2008, 451-463.*
9. Стојчев, Маријан и Љубиша Николовски. „National promotion of entrepreneurship and innovation of SMEs of the Republic of Macedonia“. *Во зборник на трудови на* Прва меѓународна конференција за препр иемништво, иновации и регионален развој – ICEIRD 2008, Скопје и Охрид, 08–11 мај 2008 година, *103-122.*
10. Николовски, Љубиша. „Малите претпријатија и иновациите”. *Во зборник на трудови на Економски институт, Научен собир: „Претприемаштво, иновации и конкурентност”, Скопје, 25.01.2008 година,*

2.2.2.2. После избор во звање доцент

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање доцент, д-р Љубиша Николовски објавил 6 научни трудови.

1. Milenkovska, Violeta, Mirjana Markovska and Ljubisha Nikolovski. 2017. „Promotion: Women leadership and alternative methods for resolving business conflicts and changes in the organization“, *UTMS Journal of Economics,* 8(2): 183-194. (EBSCO).
2. Boshkovska, Vera, Ljubisha Nikolovski and Radmil Polenakovic. 2016. „Influence of the cooperation between the franchisor and the franchisee on franchising business systems implementation and development in the Republic of Macedonia“, Mechanical Engineering Scientific Journal, 34(2). (EBSCO).
3. Markovska, Mirjana, Ljubisha Nikolovski and Radmil Polenakovic. 2016. „Professional development of employees woman-leaders in function for the building of competencies for solving the business conflicts“, Mechanical Engineering Scientific Journal, 14(2). (EBSCO).
4. Nikolovski, Ljubisha and Mirjana Markovska, 2017. „Impact of women leaders on management and implementation organizational objectives and targets“, Faculty of Business Economics, Skopje, *Journal of Sustainable Development,* (EBSCO).
5. Popovski, Vasil, Slobodan Levkovski and Ljubisha Nikolovski, 2016. „Self employment program via crediting as an incentive for increasing entrepreneurial activity in Republic of Macedonia“, (Original scientific paper), Economics Institute, Skopje, Journal: Economic Development No.3. (EBSCO).
6. Nikolovski, Ljubisha, Marijana Radevska and Elizabeta Petkovska, 2016. „Professional management of family enterprises in function of adequate adjustment of diversity of interests of family and business“,Faculty of Business Economics, Skopje, Journal of Sustainable Development, Volume 6. (EBSCO).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање доцент, д-р Љубиша Николовски објавил 13 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. Николовски, Љубиша и Марија Георгиевска, 2017. „Промоција на институционалната поддршка за зголемување на менаџерските капацитети на претприемачите“, Петти стручен симпозиум *Менаџментот и современите практики* со предметен фокус на *Современите трендови во работењето на организациите,* Бизнис академијата Смилевски - БАС, поврзан со најдобрите практики од модерниот менаџмент. 21 април 2017 година, (283-188),
2. Nikolovski, Ljubisha and Vera Boshkovska, 2016. „Business relations with the franchisor - a significant factor in the implementation and development of the franchised business“, *In Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: Global Tourism*

*Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016, 99-113.* Skopje: University of Tourism and Management.

3. Nikolovski, Ljubisha and Marija Georgievska, and 2016. „Strengthening the capacities of the entrepreneurs through their investment in specialized training, mentoring and access to quality financial resources“, *In Proceedings of the XIV INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE, ”MANAGEMENT AND ENGINEERING’16”*, 20-22 јуни 2016, Созопол, Republic of Bulgaria,
4. Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. "Institutional infrastructure in function of developing the competencies of teachers for entrepreneurial learning", *In Proceedings of the Ninth International Scientific Conference THE TEACHER OF THE FUTURE,* 17-19 јуни 2016, Durres, Albania, (KNOWLEDGE - International Journal, Global Impact and Quality Factor – 1,322 for 2016),
5. Nikolovski, Ljubisha and Marija Georgievska, and 2016. „Influence of certain factors for strengthening the capacity of institutional infrastructure for support entrepreneurship“, *In Proceedings of the International May Conference on Strategic Management - IMKSM2016* May 28 – 30, 2016, Bor, Serbia,
6. Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. "Ensuring sustainable development and competitive advantage of entrepreneurial firms through their continuous involvement in the use of the opportunities of the institutional infrastructure", *In Proceedings of the Eighth International Scientific Conference "KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS",* April 8-10, Bansko 2016, Republic of Bulgaria, (KNOWLEDGE - International Journal, Global Impact and Quality Factor – 1,322 for 2016),
7. Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. „Mentoring in entrepreneurial firms – basis of practical aplikation of knowledge usable for their growth and development“ *Tenth International Scientific Conference THE POWER OF KNOWLEDGE,* 7-9.10.2016, Agia Triada, Greece, (KNOWLEDGE - International Journal, Vol. 14.1, (261-266).
8. Николовски, Љубиша и Марија Георгиевска, 2016. „Зголемување на капацитетите на претприемачите во функција на остварување на поголем раст и развој на бизнисот“, *Во зборник на Трета Меѓународна Научна Конференција, “Scientific Challenges for Sustainable Development”*, Струга, 8 и 9 април 2016, Република Македонија,
9. Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. „Usability of knowlesge of practice – powerful engine of success in the family enterprise“, *In Proceedings of the Eighth International Scientific Conference KNOWLEDGE IN PRACTICE, 16-18 December, 2016 Bansko,* Republic of *Bulgaria,* KNOWLEDGE - International Journal, Vol.15.2 (567-572),
10. Ѓеоргиевска, Марија и Љубиша Николовски, 2016. „Интегрираната поддршка на институционалната инфраструктура како предизвик поврзан со поголемата ефикасност на малите бизниси“, *Во зборник на Четвтата Меѓународна Научна Конференција СОВРЕМЕНИТЕ МЕНАЏЕРСКИ ПРЕДИЗВИЦИ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ НАУКИ,* со предметен фокус "Преку организациска

интеграција до поголема ефективност", 04-06 Нпември 2016 година Битола, Р.Македонија. (82-91)

11. Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2015. "Investing in institutions at central and local level - an important factor in creating capacities for successful institutional support of entrepreneurship", *In Proceedings of the Seventh International Scientific Conference KNOWLEDGE FOR CAPABILITIES AND SKILLS*, Bansko, 4-6.12.2015, Republic of Bulgaria, (KNOWLEDGE - International Journal, Global Impact and Quality Factor – 1,023 for 2015),
12. Николовски, Љубиша и Марија Георгиевска, 2015. „Специјализираните обуки и менторството на вработените во институционалната инфраструктура – основа за успешна поддршка на претприемаштвото во Република Македонија“, *Во зборник на Трета меѓународна научна конференција, ФАКТОРИ НА ОПКРУЖУВАЊЕ, ПРЕДИЗВИЦИ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ,* Економски Факултет и Факултет за Бизнис Администрација – ДУТ, Тетово, 4-5.12 2015 година Република Македонија.
13. Nikolovski, Ljubisha, 2015 „Voucer system of subsidsized counseling in function of competitive advantage of small business in the Republic of Macedonia“,*In Proceedings of the Second International Scientific Conference „Scientific Challenges for Sustainable Development“,* Струга, 25 Април 2015 година.
14. Николовски, Љубиша, 2015, „Јакнење на компетенциите и свесноста за претприемачко учење кај младите преттприемачи и наставниците по претприемаштво“, Бизнис Академија Смилевски – БАС, *Во зборник на Четврт симпозиум „Менаџментот и современите практики со предметен фокус на улогата на образовните установи во создавање на одржлива вработливост*, Скопје, 24.Април 2015 година.
15. Николовски, Љубиша и Вера Бошковска, 2014 „Претприемачкото советување како процес – корисници, советници, потреба и пракса*“, Во зборник на Втора меѓународна научна конференција „Одржлив економски развој, достигнувања и предизвици“ SISCEF 2014*, Тетово, 05.12.2014 година.

2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Љубиша Николовски во наставно-научно звање вонреден професор.

2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

1. Ваднјал, Јака и Љубиша Николовски. 2012. „The comparative evaluation of the SME support programs: The case of voucher system of counselling тransferred from Slovenia to Macedonia", East-West Journal of Economics and Business, Vol. XIV – 2011, No 1 (11-31),
   - *Достапност на трудот:* East-West Journal of Economics and Business, Vol. XIV – 2011, No 1 (11-31),
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 40%
   - *JEL класификација:* L26, M13

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се потенцира дека на малите и средните претпријатија им е потребна надворешна деловна поддршка, особено за време на раната фаза на развој. Владините агенции имаат развиено неколку иницијативи и ваучерски систем, бидејќи еден од нив има за цел да обезбеди советување за МСП. Програмата е дизајнирана и започната во Словенија во 2000 година. Во 2006 година знаењето за системот беше пренесено во Македонија. Овој труд го претставува основниот концепт на ваучерскиот систем и правилата за сеопфатен пристап, и се дискутира за организациската структура и функциите на различните засегнати страни. Наодите од истражувањето направени посебно во двете земји се анализираат со цел да се оцени ефективноста на програмата и соодветноста за нејзиниот трансфер во рамките на земјите. Се проценуваат потенцијалите за понатамошен развој на системот во Македонија врз основа на know-how од Словенија.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува иновативен исход од студијата во делот на развојот на рамката за евалуација на мерката за мерење на мерилата базирани на компарација. Истиот се однесува на активностите и резултатите од споредбената евалуација на програмите за поддршка на МСП во Република Словенија и Република Македонија, односно разработка на случајот на ваучерскиот систем на советување кој 2005 година беше трансфериран во Македонија. Исто така, во трудот се оценуваат се анализираат претпоставките за ефикасен систем и се коментираат евалуациите, односно потенцијалите за натамошн развој врз основа на знаењата и искуството од Република Словенија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на советувањето на малите и средните претпријатија во Република Македонија. Како што истакнуваат двајцата автори на овој труд, поддршката на МСП е потребна уште во нивната рана фаза на развој.

Во таа смисла, Владините агенции имаат развиео голем број на иницијативи меѓу кои е и ваучерскиот систем за советување во комбинација со информации и обука.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции (а2)

1. Николовски, Љубиша. 2012. „Јакнење на претприемништвото и пристап на глобалниот пазар преку ваучерскиот систем на советување". *Во Зборник на трудови од Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии, „Од либерализација до глобализација – предизвици на светот што се менува",Септември 13-15, 2012, 58-66. Штип, Р. Македонија,* Економски факултет – Универзитет „Гоце Делчев"
   - *Достапност на трудот:* http://www. ugd.edu.mk, ISBN 978-608-4504-38-7
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 100%
   - *JEL класификација:* L26,M13

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се образложи улогата и значењето на процесот на советувањето на малите и средните претпријатија, односно презентација на основниот концепт на „ваучерскиот" систем, методологијата, правилата и процедурите за целосен пристап, како и организациската структура и функциите на различни засегнати страни. Покрај ова во трудот се презентирани резултатите од најновото истражување по методата на анкета и интервјуа (крај на 2011 и почеток на 2012 година) за различни аспекти на ваучерскиот систем на субвенционирано советување.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува новината и вредностите на Ваучерскиот систем на советување, презентирани во овој труд, пред се' се содржани во: (1) олеснување на пристапот до претприемачка кариера на сите инвнтивни и креативни лица, (2) подобрување на квалитетот на претприемачкиот процес, (3) зголемување на бројот на динамични претпријатија и поттикнување на реализацијата на нивните развојни планови во обласа на технологијата, иновации на производи и услуги, производни постапки, и (4) влез на нови пазари.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на советувањето на малите и средните претпријатија во Република Македонија.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Николовски, Љубиша. 2012. „Factors for increasing flexibility of systems for production planning and control". *In Proceedings of the Jubilee X international scientific conference "Management and engineering'12", June, 17-20. Volume I: 145-152, Sozopol, Bulgaria,*
   - *Достапност на трудот:* ISSN 1310-3946, ISSN 1314-6327
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 100%
   - *JEL класификација:* M11, P41

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да се образложи улогата и значењето на процесот на утврдување и обезбедување на потребите за планирање и управување со производството кај малите и средните претпријатија од металопреработувачката гранка на индустријата. Овој процес е во директна функција и последица на промените на пазарот, кои се општо прифатен концепт во бизнисот – концепт на подготвеност за во иднина.
*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот претставува системска обработка на ова комплексно прашање, односо ги идентификува главните фактори кои го чинат моделот флексибилен во: (1) обемот на промените, (2) животната средина на компанијата (пазарот на нарачки и сл.), (3) промени во претпријатието – доцнење во реализацијата на производствените налози, (4) имплементација на моделот / системот. Креираниот систем за планирање и управување со производството обезбедува можност за континуирана надградба и брз одговор на промените.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на планирање и управување со производството кај малите и средните претпријатија од металопреработувачката гранка на индустријата во Република Македонија.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review)*

3. Николовски, Љубиша. 2012. „Encourage businessis to innovate and enhance the flow of knowledge".*In Proceedings of the Jubilee X international scientific conference "Management and engineering'12", June, 17-20, Volume I: 394-401. Sozopol, Bulgaria,*

- *Достапност на трудот:* ISSN 1310-3946, ISSN 1314-6327
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се образложи улогата и значењето на процесот на поддршката на малите и средните претпријатија, која во принцип, треба да резултира во ориентација кон создавање производи и услуги со повисока додадена вредност базирани на знаење, иновации и соработка, односно која ќе придонесе кон економски раст и одржлив развој на земјата. Еден од приоритетите на поддршката претставува соработка на МСП преку кластери и вмрежување. Притоа, основна цел е поттикнување на соработката во функција на иновативноста и конкурентноста, односно зголемување свеста и способноста за вмрежување.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува фокусот на вмрежувањето и соработката со постојната инфраструктура (технолошки центри, технолошки зони, инкубатори, кластери) и услуги, односно се потенцира потребата од конкретни мерки државата за развој на инфраструктурата и услугите кои поддржуваат И&Р и иновации. Преку соработката, претпријатијата ја достигнуваат потребната големина и го зголемуваат својот потенцијал за успешен натпревар на глобалниот пазар.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на малите и средните претпријатија во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. Николовски, Љубиша. 2012. „Preduzetnicko savetovanje kao sistem“. *U zborniku radova Majske konferencije o strategijskom menadžmentu sa međunarodnim učešćem, 25 - 27. 5. 2012, Bor, 456-463. Srbija,* Univerzitet u Beogradu, tehnichki fakultett u Boru – otsek za menadzment.
   - *Достапност на трудот:* file:///E:/Zbornik%20celih%20radova%20_%20MKSM2012.pdf
   - ISBN: 978-86-80987-96-5
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во овој труд авторот ги разработува разликите помеѓу советувањето на претприемачите од консултантстото кај големите претпријатија, како и низа спцифичности на претприемачкото советување. Како инструмент за реализација на советодацни услуги, во трудот е презентиран ваучерскиот систем на субвенционирано советување, односно резултатите од неговото спроведување во последните три години.

- Savjetovanje preduzetnika i MSP je vrlo zna~ajna i kompleksna problematika, koja imaju}i u vidu pozitivne efekte, mo`e se slobodno kazati da pretstavlja jedan od glavnih stubova u ekonomiji bilo koje zemlje. Razvoj predizetni{tva i MSP u Republici Makedoniji je propra~en sa svim oniim pote{ko~ama i ostvarivanjima koja su deo jedne globalne i dugoro~ne strategije. APPRM u okvirima ovih procesa u zadnjih 15 godina je obezbedila poziciju koja se sve vi{e u~vr{~uje i objektivno je prihva~ana od razli~itih struktura u Republici Makedoniji i van nje.
- Sa druge strane,. U tom smislu, APPRM se sve vi{e anga`uje u ja~anju svojih kapaciteta i mogu~nosti, kako i onih organizacija za poslovnu podr{ku preduzetnika i MSP koje su u njezinoj mre`i.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува професионалниот пристап во давањето на различни облици на поддршка за нивниот развој. Последново заради тоа што потребите на претприемачите и малите и средните претпријатија се големи и заради тоа што советувањето на претприемачите е значајно различно од консултантството кај големите претпријатија. Значаен придонес во советувањето претставува и соодветниот пристап на институционалната инфрастеруктура.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на советувањето на малите и средните претпријатија во Република Македонија, особено во делот на ваучерскиот систем на субвенционирано советување.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Николовски, Љубиша. 2011 „Innovative Entrepreneurship – basis for getting involved in the globalization and regionalization processes“. *Во зборник на трудови на Четврта меѓународна конференција за препиемништво, иновации и регионален развој – ICEIRD 2011, Охрид, 05 – 07 мај 2011 година, 870-874*

   - *Достапност на трудот:* http://www.iceird.org/2011, www.mf.edu.mk,

   ISBN 978–608–65144-2-6

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Економијата на Република Македонија ако сака да биде конкурентна има потреба од вистински компетенции на своите претприемачи, односно на малите и средните претпријатија (МСП). Во таа смисла, истата мора да се потпира на способноста на своите претприемачи, односно, односно  на нивната подготвеност за примена на иновацијата. Во пазарно ориентираните стопанства, централно место му припаѓа на иновативното претприемаштво. Во трудот е направен осврт на активностите на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во делот на зголемувањето на можностите што треба да ги даваат субјектите во веќе воспоставената мрежа.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува потенцирањето на влијанието и значењето на применат иновациите во најширока смисла на зборот. Примената на иновативноста му овозможува на претприемачот да понуди нешто ново или подобрено и на тој начин да биде конкурентен и да го зголеми својот пазарен уддел.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на иновациите кај  малите и средните претпријатија во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. Николовски, Љубиша. 2008.  „Разбирање на иновациите и поддршка на малите бизниси за нивна имплементација". *Во зборник на трудови на Small Business Conference „Sustainable Entrepreneurship Networking", Скопје, 27.11.2008 година, 45*-52.

    - *Достапност на трудот:* http:// www. cosmoinnovate.com.mk
    - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
    - *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 50%
    - *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се образложи улогата и значењето на процесот на поддршката на иновациите кај малите бизниси, односно да се појасни разбирањето за иновациите и да се укаже на нивното значење, особено кај малите претпријатија во Република Македонија. Наспроти големата важност на иновациите, малите претпријатија имаат многу лимитирани можности за нивно имплементирање, а уште помали можности да инвестираат во неопходните истражувања кои им претходат на истите. Во таа смисла кандидатот се заложува оваа неможност да биде компензирана од страна на јавните институции и воопшто организациите за деловна поддршка.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува пристапот во разбирањето на иновациите и птенцирањето на потребата од изразен степен на високо професионален пристап во давањето на различни видови на поддршка во развојот на малите претпријатија во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на иновациите кај на малите и средните претпријатија во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

7. Николовски, Љубиша. 2008. „Човечките ресурси и малите претпријатија во секторот туризам”. *Во зборник на трудови на Меѓународен симпозиум „Туризмот во 21-от век”, Скопје, 26-27 септември 103-122. ,2008 година,*

    - *Достапност на трудот:* http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Godisnik_2010-2011.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
    - *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 100%
    - *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Туризмот, како значаен дел од македонската економија има потреба од специјално внимани на луѓето кои одлучуваат и човечките ресурси играат круцијална улога за остварување на оваа цел. Интеракцијата помеѓу активностите на провајдерите на услуги и корисниците на истите е водечки принцип за практиките поврзани со човечките ресурси. Овој труд ја разработува тезата за исклучително важната улога на малите

претпријатија во процесот на реализација на услугите, нивно подобрување и комплементарност на услугите од страна на средните и големите претпријатија од истиот сектор. Во трудот посебно се разработени улогата на јавниот и приватниот сектор. За малите претпријатија во секторот туризам особено е значајна соработката со локалните институции, како и перманентното идентификување на предностите и пречките во реализацијата на локалните иницијативи и решенија.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува истакнување на значењето на Потребата од обука заради зголемување на капацитетот на човечките ресурси во делот на зголемување на вештините за севкупно менаџирање на нивните бизниси е неопходна. Малите претпријатија во секторот туризам имаат исклучително важна улога во процесот на реализација на услугите, како и нивно подобрување. Од друга страна, малите претпријатија најчесто немаат можност да инвестираат во развојот на човечките ресурси. Во таа смисла, институционалната подршка на овој план е значајна и за малите претпријатија во секторот туризам, односно идентификување на предностите и пречките во реализацијата на локалните иницијативи и решенија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на човечките ресурси кај малите претпријатија во секторот туризам во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

8. Николовски, Љубиша и Маријан Стојчев, 2008. „Иновативен ваучер – проширување на програмата за субвенционирано ваучерско советување”. *Во зборник на трудови на Научен собир во организација на Економскиот институт во Скопје, Скопје, 23.05.2008,*

- *Достапност на трудот:* http:// www.ek-inst.ukim.edu.mk
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Овој труд се повикува на Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста 2007 – 2010 и истакнува дека Ваучерскиот систем на субвенционирано советување претставува значајна алатка во реализацијата на така значајна подшка на невработените лица и активните нали и средни претпријатија (МСП) во делот на

советувањето и трансферот на знаењето, што пак од друга страна е основа за процесите на континуирано подобрување на производите и процесите. Воведувањето на иновативниот ваучер е резултат на утвтдените потреби на МСП, особено на оние кои покажуваат брз раст, односно т.н. иновативни претпријатија.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува потенцирањето на улогата и значењето на Ваучерскиот систем на субвенционирано советување и тоа особено во делот на: (1) подобрување на воспоставениот концепт, (2) поширок опфат на подрачја, и (3) зголемување на сумата на субвенцијата. Програмата за ваучерско советување има за цел да го поттикне самовработувањето кај невработените, да им помогне на постојните активни МСП во развојот на нивниот бизнис и да го развива локалниот пазар на советување и консултантство.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на советувањето на малите претпријатија и претприемачите, посебно на иновативниот менаџментот кај малите и средните претпријатија во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

9. Стојчев, Маријан и Љубиша Николовски. „National promotion of entrepreneurship and innovation of SMEs of the Republic of Macedonia". *Во зборник на трудови на* Прва меѓународна конференција за препприемништво, иновации и регионален развој – ICEIRD 2008, Скопје и Охрид, 08–11 мај 2008 година, 451-463.

    - *Достапност на трудот:* http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Godisnik_2010-2011.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
    - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 50%
    - *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во овој труд авторите даваат осврт на имплементацијата на владината Програма за подршка на претприемништвото и иновациите (2007-2010), задржувајќи се на: (1) образованието и тренингот на претприемачите, (2)трансферот на знаење и технологии, (3)ваучерската програма за советување со детаљни податоци за реализацијата на истата, и (4) препораки за натамошни подобрувања.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува потенцирањето на улогата и значењето на претприемаштвото и иновациите во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на иновациите кај претпријатијата, посебно на менаџментот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

10. Николовски, Љубиша. „Малите претпријатија и иновациите". *Во зборник на трудови на Економски институт, Научен собир: „Претприемаштво, иновации и конкурентност", Скопје, 25.01.2008 година,*

- *Достапност на трудот:* http:// www.ek-inst.ukim.edu.mk
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се образложи улогата и значењето на процесот на поддршката на иновациите кај малите бизниси, односно да се појасни разбирањето за иновациите и да се укаже на нивното значење, особено кај малите претпријатија во Република Македонија.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува потенцирањето на улогата, значењето, фазите и потешкотиите во имплементацијата на иновациите, односно комерцијализацијата на творечката идеја.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на иновациите кај малите и средните претпријатија, посебно на менаџментот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2.2.3.2. После избор во звање доцент

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Milenkovska, Violeta, Mirjana Markovska and Ljubisha Nikolovski. 2017. „Promotion: Women leadership and alternative methods for resolving business conflicts and changes in the organization“, *UTMS Journal of Economics,* 8(2): 183-194.

- *Достапност на трудот:* http:// www.utmsjoe.mk/.../UTMSJOE-2017-0802-12-Milenkovska-Markovska-Nikolovski.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* J53

*Опис на трудот*

Истражувањето во овој труд се фокусираше на промоцијата на женското лидерство, критериумите за напредок на женското лидерство, како и на алтернативните методи во решавање на конфликтите во деловното работење, односно состојбите, пречките и можностите за зголемено вклучување на арбитражата и медијацијата во светот и особено во Република Македонија. Последново, дотолку повеќе што светските трендови на интензивно намалување на трошоците, зголемување на ефикасноста, технолошките придобивки со можности за моментален трансфер на информации, мобилност во сите сегменти од живеењето, ја наметнуваат потребата да се надмине традиционалното водење на судските постапки и да се бараат нови начини за ефикасно разрешување на споровите и конфликтите преку иницирање на споменатите алтернативни постапки - Арбитража и Медијација.

Од друга страна, во таа смисла се направи обид да се истражат дефиницијата, влијанието, улогата и значењето на жената лидер во имплеметацијата на наведените алтернативни методи во решавање на конфликтите меѓу актерите во претприемачкиот бизнис и деловното работење на интерно и екстерно ниво.

*Научен придонес на трудот*

Новите технолошки промени битно го менуваат начинот на кој луѓето работат, комуникациите на луѓето, внатре во фирмата и надвор од неа, а ги менуваат и односите во сферата на конкуренцијата. Сите овие промени имаат значаен одраз и врз лидерството, односно водството на фирмите. Денес се смета дека без вистинско лидерство, фирмите не можат да постигнат натпросечни перформанси - напротив, тие би стагнирале на ниво на просечност или би тонеле кон потпросечноста. Во услови на турболентни промени на секоја организацијата и се потребни раководители кои се способни да го водат процесот на промена.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со алтернативните методи во решавање на конфликтите во деловното работење каде ги дава насоките како од научен така и од теоретски аспект тоа да се преточи во реалност и овие методи да заживеат во Република Македонија.

*Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Boshkovska, Vera, Ljubisha Nikolovski and Radmil Polenakovic. 2016. „Influence of the cooperation between the franchisor and the franchisee on franchising business systems implementation and development in the Republic of Macedonia“, Mechanical Engineering Scientific Journal, 34(2): 409-414.

- *Достапност на трудот:* http:// www.Mech.Eng.Sci-j-34-2-2016 Boškovska-Nikolovski-Polenakovikj.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оргинален стручен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 1,0 a.a.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO, INIS (International Nuclear Information System).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-5293, e-ISSN: 1857-9291
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* C5

*Опис на трудот*

Добрата деловна соработка со франшизорот е најважниот елемент за успешна имплементација на системот за франшизирање и реализација на успешни перформанси. Без оваа соработка, успехот е доведен во прашање. Постојаната соработка и поддршка

од страна на франшизорот подразбира комплексен пакет на меѓусебно поврзани услуги со цел да им помогне на успешното управување со бизнисот и остварувањето на профитот. Целта на соработката е да се намалат можностите за неуспех, да се обезбедат успешни цели и да се избегнат грешките карактеристични при започнување на бизнис преку реализирање на ефикасни деловни односи.

Потенцијалниот франшизер може да донесе правилна одлука да го започне својот бизнис со франшиза, а особено подоцна за развој на бизнисот, доколку претходно ги анализирал и ги уредил деловните односи што треба да се воспостават и изградат помеѓу франшизорот и франшизата. Истражувањето кое беше спроведено преку анкетирање и интервјуирање на околу 30 франшизери во Република Македонија имаше за цел да ја скенира реалната состојба на соработката помеѓу франшизорот и франшизата.

*Научен допринос на трудот*

Во овој труд научниот допринос се гледа во научното преставување на принципите на овој бизнис формат како нераскинлив дел на современото живеење. Зголемениот број претприемачи сакаат да започнат сопствен бизнис, а условно кажано, имаат доволно вистински ресурси и финансии, но немаат знаење и искуство. Затоа ја идентификуваат франшизата како можност за отворање сопствен бизнис со објективно намален ризик на неуспех поради поддршката на франшизорот и користење на неговото знаење и успешен бизнис концепт.

Точно се наведени кои принципи  и критериуми треба да бидат задоволени како би можело да се организира и развива франшизата како бизнис концепт.

*Личен допринос на авторот*

Личниот придонес на авторите во овој труд се согледува во нивната специјалност да ги истакнат предностите од работењето со овој бизнис модел, од гледна точка на давателот на франшизата - франшизорот, а особено неговиот корисник - франшизантот, односно определување на основните насоки за тоа како еден претприемач може да отпочне мал бизнис со франшизиран бизнис модел.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

3. Markovska, Mirjana, Ljubisha Nikolovski and Radmil Polenakovic. 2016. „Professional development of employees woman-leaders in function for the building of competencies for solving the business conflicts“, Mechanical Engineering Scientific Journal, 34(2): 401-409.

- *Достапност на трудот:* http:// www.Mech.Eng.Sci-j-34-2-2016 Markovska-Nikolovski-Polenakovikj.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оргинален стручен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.

- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO, INIS (International Nuclear Information System).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-5293, e-ISSN: 1857-9291
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* M1

*Опис на трудот*

Во овој труд истражувањата се фокусирани на женското лидерство и улогата на жената во процесите на решавање на деловните конфликти преку примена на алтернативните методи – арбитража и медијација. Во таа смисла, како значаен фактор се потенцира политиката на друштвата да ги промовираат и поддржуваат овие процеси преку вложувања во професионалното усовршување на вработените, а особено жените постојни и потенцијални лидери во делот на женското лидерство, арбитражата и медијацијата. На тој начин континуирано ќе се создаваат услови за зголемена ефикасност во работењето.

Женскиот стил на раководење е изграден на развојот на поединецот – вработен. Истражувања покажуваат дека жените претприемачи и лидери, многу повеќе од своите колеги мажи, ги поддржуваат вработените во нивните амбиции за дополнително образование, ја поддржуваат тимската работа, ја намалуваат хиерархијата и настојуваат квалитетот на нивната понуда да биде во постојан раст. Жените трошат повеќе пари за школување на своите вработени, бидејќи веруваат дека тоа ќе овозможи поголема конкурентска способност на претпријатието.

*Научен допринос на трудот*

Авторите на оригинален начин и приоѓаат на важноста на инвестициите и поддршката за компаниите во професионалниот развој и напредувањето во кариерата на вработените, особено работните жени кои тогаш тие ќе бидат проактивни за да работат ефикасно и да ги решат деловните конфликти. Придонесот на трудот се состои и во континуираното зголемување на учеството на вработените во обуката за професионален развој и напредувањето во кариерата, што од своја страна ќе создаде услови за градење на лидерски капацитет и вештини за решавање на деловни конфликти со примена на алтернативни методи - арбитража и медијација или ефективно постигнување на организациските цели и цели.

*Личен допринос на авторот*

Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата специјалност од областа на лидерството, Тој во овој труд го обедини и имплементира своето знаење во:

(1) споделување и користење на странски искуства за надминување на социјалните бариери за развојот на женското раководство, (2) мотивирање на жените и нивното фокусирање на позитивни примери за зајакнување на капацитетите на женското раководство во Република Македонија, (3) организирање на едукативни настани преку кои поединецот ќе дознае за искуствата на професионално постигнатите и успешни луѓе - кои ќе ги споделат своите искуства, тешкотии, начини на премостување.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

1. Ljubisha and Mirjana Markovska, 2017. „Impact of women leaders on management and implementation organizational objectives and targets", Faculty of Business Economics, Skopje, *Journal of Sustainable Development*, 7 (17), (105-118)
    - *Достапност на трудот:* http://www.fbe.edu.mk/JSDv17.pdf
    - *Вид на трудот (категорија): прегледен труд (review)*
    - *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
    - *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци: EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* UDC: 005.214/.216:[005.322:316.46-055.2, ISSN 1857-8519
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 50%
    - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
    - *JEL класификација:* M1

*Опис на трудот*

Влијанието врз вработените лидерот го постигнува без принуда, односно на начин со кој што се создава доверба, почит и реализација на ефективни активности насочени кон остварување на развојни промени и постигнување на утврдените цели на компанијата.

За таа цел, во овој труд направен е обид да се утврди свесноста на менаџментот за воспоставување на повисоки критериуми за напредок на женското лидерство во организацијата и како истото ќе влијае врз ефикасноста во управувањето и реализација на организациските цели и задачи.

*Научен допринос на трудот*

Воспоставувањето на повисоки критериуми за напредок на женското лидерство во организацијата, кои директно ќе влијаат врз ефикасноста во управувањето и реализација на организациските цели и задачи.

*Личен допринос на авторот*

Укажување на важноста на вложувањето и поддршката на жените лидери во професионалното усовршување и напредување во кариерата, односно потребата на менаџментот од континуирано работење на унапредување на лидерството како еден од клучните фактори на развојот на компанијата, односно на женското лидерство.

*Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Popovski, Vasil, Slobodan Levkovski and Ljubisha Nikolovski, 2016. „Self employment program via crediting as an incentive for increasing entrepreneurial activity in Republic of Macedonia", (Original scientific paper), Economics Institute, Skopje, Journal: Economic Development No.3., Февруари 2017, p.(91-107.
   - *Достапност на трудот:* http:// www.ek-inst.ukim.edu.mk
   - *Вид на трудот (категорија):* Original scientific paper
   - *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.
   - *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци: EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany)
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* UDC 331.102.12:334.722(497.7)
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 40%
   - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
   - *JEL класификација:* L 26, O, O3.

*Опис на трудот*

Со цел да се утврди улогата и значењето на програмите за самовработување за развојот на претприемништвото во Република Македонија, беше спроведено истражување на една целна група, односно на корисници на средствата од програмата за самовработување со кредитирање од 2008 година во скопскиот регион. Групата на корисници од 2008 година е посебно интересна за анализа поради поминатото време од 5 години од преземањето на кредитот, со што поминало доволно време за да се увидат ефектите од програмата и поради тоа што во овој период глобалната економска криза имаше најголемо влијание.

*Научен допринос на трудот*

Резултатите од истражувањата значајно ќе придонесат на засегнатите страни: Агенцијата за вработување на РМ, корисниците на оваа владина мерка, како и на луѓето – експертите кои ја дизјанираат истата во смисла на елиминирање на сите недостатоци и слабости воочени во праксата, односно дизајнирање на квалитетни решенија.

*Личен допринос на авторот*

Секој бизнис има потреба од континуирана поддршка. Дополнителната поддршка може да биде пласирана на повеќе начини. Еден од нив е советодавната поддршка. Организирањето на советодавни предавања може да им даде одговор на прашањата на претприемачите за тоа од каде да најдат дополнителни финансиски средства за да ги вложат во својот бизнис, како да го подобрат своето работење, како да се прошират на други пазари и многу други прашања од најразлични области. Вмрежувањето исто така е одлична помош која може да се оствари преку овие советодавни предавања.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

–

3. Nikolovski, Ljubisha, Marijana Radevska and Elizabeta Petkovska, 2016. „Professional management of family enterprises in function of adequate adjustment of diversity of interests of family and business“,Faculty of Business Economics, Skopje, Journal of Sustainable Development, Volume 6(16), (32-44).

- *Достапност на трудот:* http://www.fbe.edu.mk/JSDv16.pdf
- *Вид на трудот (категорија): прегледен труд (review)*
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци: EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* UDC: 334.722.24:005-027.561, ISSN 1857-8519
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* M29

*Опис на трудот*

Семејниот бизнис како дел од претприемаштвото претставува бизнис кој што е основан од два или повеќе членови на едно семејство. Семејните претпријатија се почесто се

застапени во деловното окружување. Постојат повеќе позитивни карактеристики од поседувањето на семејно претпријатие, но, како една главна и важна карактеристика ќе споменеме дека во семејното претпријатие контролата врз менаџментот и сопственоста на претпријатието е во рацете на членовите на семејството.

Предмет на овој труд е менаџирање на интересите на семејството наспроти интересите на бизнисот во семејните претпријатија. За да може семејното претпријатие успешно да функционира треба да бидат усклaдени климата на семејството и климата на бизнисот затоа што овие два системи се надополнуваат.

Како појава на овој труд е улогата на менаџерите во семејните претпријатија кои што се членови на семејството и улогата на менаџерите кои што не се членови на семејството.

*Научен допринос на трудот*

Развивање на принципи на успешно функционирање на семејното претпријатие и ускладувањето на интересите на семејството и интересите на бизнисот. Во таа смисла, особено е истакнато делувањето на менаџерите во секојдневното работење, односно работењето на менаџерите кои што се семејни членови и интересите и работењето на менаџерите кои што се надворешни консултанти.

*Личен допринос на авторот*

Обезбедување добра комуникација помеѓу членовите на семејството, која добро се одразува на работењето на бизнисот односно дава добри резултати и големо задоволство и не настануваат конфликти и несогласувања. Членовите на семејното претпријатие треба да најдат компромис со што промените нема да се одразат на семејното претпријатие. За тааа цел зворите исистираат на добро организираната структура во претпријатието што пак значи добро оствррување за сите членови на семејството како и за другите вработени што не се членови на семејството.

*Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Николовски, Љубиша и Марија Георгиевска, 2017. „Промоција на институционалната поддршка за зголемување на менаџерските капацитети на претприемачите“, Петти стручен симпозиум *Менаџментот и современите практики* со предметен фокус на *Современите трендови во работењето на организациите*, Бизнис академијата Смилевски - БАС, поврзан со најдобрите практики од модерниот менаџмент. 21 април 2017 година, (283-188),

- *Достапност на трудот: http://www.bas.edu.mk/dl/Simpozium2017_ZbornikNaTrudovi_final.pdf*

ISBN 978-608-4690-15-3

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26,

*Опис на трудот*

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето за влијанието на промоцијата на мерките на институционалната инфраструктура за можностите од зајакнување на менаџерските капацитети на претприемачите и малите и средните претпријатија. Од друга страна, вложувањето на институциите во соодветна промоција на своите креирани  мерки на оперативно ниво, менторство и специјализирани обуки, создава услови за зголемување на свесноста на претприемачите за нивна поголема примена. Во истражувањето беа вклучени 196 испитаници од 42 владини и невладини организации / институции и 36 производствени и услужни мали и средни претпријатија.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето, кои недвосмислено ја потврдуваат поставената хипотеза дека само со еден адекватен пристап на заедницата на централно и локално ниво во вложувањето на институциите во соодветна промоција на своите креирани  мерки на оперативно ниво, менторство и специјализирани обуки, може во континуитет да обезбедуваат услови и можности за одржлив раст и развој на претприемачките бизниси. Придонесот на овој труд претставува и анализата на состојбите во делот на промоцијата преку согледување на состојбите на терен, во компаниите, меѓу претприемачите, разни институции, како државни така и невладини, домашни, странски, државни агенции и сл.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на институционалната поддршка на претприемачите во Република Македонија,

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Nikolovski, Ljubisha and Vera Boshkovska, 2016. „Business relations with the franchisor - a significant factor  in the implementation and development of the franchised business“, *In Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism*

- *ICON BEST 2016: Global Tourism Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016, 99-113.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M30, M31

*Опис на трудот*

Овој труд претставува детално истражување на влијанието на добрите бизнис релации со франшизерот како главен влијателен фактор за успешно имплементирање на франшизингот. Поддршката од франшизерот вклучува основна и продолжена обука во смисла на маркетинг и продажба, дневни и месечни состаноци со стручни лица, сметководствени системи, унапредување на квалитетот на производите, финасиска подршка, истражување и развој. Подршката зависи и од развиеноста на бизнисот. Со минувањето на времето и развојот на бизнисот се менува и самата под ршка. Во оваа фаза поддршката се насочува кон обуката на останатите вработени, унапредување на веќе всопоставените системи и вмрежување со останатите франшизанти за остварување на поголеми цели и размена на искуства. Успехот на франшизантот не значи само успех на франшизерот, туку значи и зголемен профит.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето спроведено меѓу 30-тина франшизанти во Република Македонија насочени во функција на

соработката низ остварување ефикасни бизнис релации е да се намалат шансите за неуспех, да се овозможи успешност на целите и избегнување на грешките карактеристични при отпочнување на бизнис. Ова претставува дел од франшизниот пакет чија логика е новиот бизнис да биде профитен.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на франшизингот како бизнис модел и состојбите на истиот во Република Македонија,

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3.Nikolovski, Ljubisha and Marija Georgievska, and 2016. „Strengthening the capacities of the entrepreneurs through their investment in specialized training, mentoring and access to quality financial resources“, *In Proceedings of the XIV INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE, ”MANAGEMENT AND ENGINEERING’16”*, 20-22 јуни 2016, Созопол, Republic of Bulgaria,

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, M13,

*Опис на трудот*

Претприемништвото и развојот на претприемачки идеи се носители на развојот на општеството во поширока смисла. Овој труд претставува детално истражување во функција на докажување на влијанието на инвестирањето на претприемачите во зајакнување на нивните капацитети преку специјализирана обука, менторирање и пристап до квалитетни финансиски ресурси. Наведеното значително влијание врз создавањето нови или подобрување на постојните производи и / или услуг, односно насочување на бизнисите за зголемување на компетентноста на претприемачите коишто работат ефикасно.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од анкетата на претприемачите кои инвестираат во зајакнување на нивните капацитети. Истражувањето опфати 196 испитаници од 42 владини и невладини организации / институции и 36 мали и средни претпријатија за производство и услуги. Во тој поглед, е и утврдувањето на критериумите за напредок од страна на претприемачите кои директно влијаат врз зголемувањето на нивните надлежности за ефективно управување со претпријатијата и резултатите од нејзиното работење. Претприемачите треба постојано да инвестираат во зајакнување на своите ресурси преку специјализирана обука и менторирање за постојано создавање на неопходните услови за одржлив развој, односно развој и имплементација на нови или подобрување на постојните производи и / или услуги.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на во областа на инвестирање за претприемачи или мали бизниси во системско и систематско зајакнување на неговите капацитети, или вклучување во користењето на можностите што ги обезбедува институционалната инфраструктура за поддршка на развојот. Во овој поглед, претприемачите треба да бидат поактивни и да се фокусираат повеќе на образованието, специјализацијата и поголемото користење на сите можности што ги нудат мерките,

програмите, проектите кои можат да дојдат преку разни институции и организации. На тој начин може да се очекува да го подобрат сопствениот развој, напредок и раст.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4.Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. "Institutional infrastructure in function of developing the competencies of teachers for entrepreneurial learning", *In Proceedings of the Ninth International Scientific Conference THE TEACHER OF THE FUTURE,* 17-19 јуни 2016, Durres, Albania, (KNOWLEDGE - International Journal, Vol.13.2

- *Достапност на трудот: International Journal Scientific Papers Vol. 13.2*

ISSN 1857-92

- *Вид на трудот (категорија): научен труд (scientific paper).*
- Global Impact and Quality Factor – 1,322 за 2016),
- *Опсег на трудот:* 0,5 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, M13,

*Опис на трудот*

Фокус во овој труд претставува презентирање на резултатите од истражувањето за промоција на можностите од страна на институционалната инфраструктура, како и вклучувањето на наставниците и претприемачите во користењето на истите, што резултира во создавање услови за адекватни компетенции со цел обезбедување одржлив развој и конкурентска предност.

Трудот се фокусира на влијанието кое го има институционалната поддршка врз развојот на компетенциите на наставниците и претприемачите.Таа поддршка треба да се зајакнува и понатаму, а ефектите да бидат повидливи. Ова практично значи дека институциите треба и натаму да ги зголемуваат своите капацитети, односно треба да бидат поактивни и да се насочат повеќе кон едукација, доусовршување и поголемо искористување на сите можности кои ги даваат мерките, програмите, проектите на централно и локално ниво,

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето во делот на развојот на претприемаштвото и претприемачкото учење, кои пак се тесно поврзани со адекватната поддршка на институциите кои што нудат помош од областа на обуки и перманентно усовршување на компетенциите на наставниците за претприемаштво и сл. Оттаму, посебно е изразена потребата наставниците постојано да вложуваат во јакнење на своите ресурси преку специјализирани обуки и менторство со цел континуирано да создаваат компетенции и услови за развој, односно креирање и имплементација на нови или подобрување на постојните начини на трансферот на

знаење на учениците и студентите. Покрај ова научниот придонес на трудот се однесува и на адекватната промоција на претприемнички програми во високото и во неформалното образование, посебно како дел од т.н. концепт на целоживотно учење.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на институционалната инфраструктура во функција на адекватно зголемување на компетенциите на наставниците за препримачко учење на учениците и студентите во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како научен труд (scientific paper).*

5.Nikolovski, Ljubisha and Marija Georgievska, and 2016. „Influence of certain factors for strengthening the capacity of institutional infrastructure for support entrepreneurship“, *In Proceedings of the International May Conference on Strategic Management - IMKSM2016* May 28 – 30, 2016, Bor, Serbia,

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Српско-хрватски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, M13,

*Опис на трудот*

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето за вложувањето на централната и локалната власт во капацитетите на институциите за поддршка на претприемаштвото, од една страна и задоволување на потребите на претприемачите во Република Македонија. од друга страна.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето спроведено меѓу претприемаши и мали и средни претпријатија, односно потврдата дека успешноста и развојот на малите и средни претпријатија, коишто располагаат со ограничени ресурси, е во тесна корелација со силната поддршка на соодветните институции кои што нудат помош од областа на информатиката, консултантски услуги, обуки, перманентно усовршување и финансиска поддршка.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на институционалната поддршка на претприемаштвото во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6.Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. "Ensuring sustainable development and competitive advantage of entrepreneurial firms through their continuous involvement in the use of the opportunities of the institutional infrastructure", *In Proceedings of the Eighth International Scientific Conference "KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS"*, April 8-10, Bansko 2016, Republic of Bulgaria, Vol.12.2 (185-189), (KNOWLEDGE - International Journal,

- *Достапност на трудот: International Journal Scientific Papers Vol. 12.2*

ISSN 1857-92

- *Вид на трудот (категорија): научен труд (scientific paper).*
- Global Impact and Quality Factor: 1,322 за 2016,
- *Опсег на трудот:* 0,5 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, M13,

*Опис на трудот*

Предмет на истражување во овој труд претставува еден пристап во анализата на состојбите на поддршката на институциите во развојот на претприемаштвото воопшто, со посебен осврт  на Република Македонија. Општопознат е фактот дека развојот на претприемаштвото тесно е поврзан со силната поддршка на соодветните институции коишто нудат помош од областа на информатиката, консултантски услуги, обуки и перманентно усовршување, финансиска поддршка и сл. Оттаму, во трудот фокусот е на потребата претприемачите постојано да вложуваат во јакнење на своите ресурси преку специјализирани обуки и менторство со цел континуирано да создаваат неопходни услови за одржлив развој, односно креирање и имплементација на нови или подобрување на постојните производи и /или услуги.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето за состојбите во Република Македонија во делот на вклучувањето на претприемачите, односно малите бизниси во системското и систематско вклучување во користењето на можностите кои ги пружа институционалната инфраструктура за поддршка на претприемаштвото на локално и национално ниво. Малите и средните претпријатија располагаат со ограничени ресурси. Затоа важноста на институционалната поддршка за поголем развој на претприемаштвото е неопходна и е во корелација со успешно организираната и разгранета институционална инфраструктура. Во овој труд се

презентирани резултатите од истражувањето за вклучувањето на претприемачите во користењето на можностите од страна на институционалната инфраструктура.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на одрживиот развој низ континуираната поддршка на институциите што резултира во создавање услови за адекватни компетенции со цел обезбедување одржлив развој и конкурентска предност.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како научен труд (scientific paper).*

7.Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. „Mentoring in entrepreneurial firms – basis of practical aplikation of knowledge usable for their growth and development“ *Tenth International Scientific Conference THE POWER OF KNOWLEDGE,* 7-9.10.2016, Agia Triada, Greece, (KNOWLEDGE - International Journal, Vol. 14.1, (261-266).

- *Достапност на трудот: International Journal Scientific Papers Vol. 14.1*

ISSN 1857-92

- *Вид на трудот (категорија): научен труд (scientific paper).*
- Global Impact and Quality Factor: 1,322 за 2016,
- *Опсег на трудот:* 0,5 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, L29, M13,

*Опис на трудот*

Трудот се фокусира на влијанието кое го има институционалната поддршка врз промовирањето на менторството како значаен фактор за развојот на претпремаштвото. Младите претприемачи најчесто немаат искуство и контакти и не знаат како да ги надминат препреките на кои наидуваат. Нивните претпријатија се најранливи во текот на првите три години од работењето и тогаш највеќе им е потребна помош во водењето на бизнисот. Во таа смисла, поддршката на менторот претставува клуч на успехот на претприемачкото претпријатие кое е на почетокот на остварување на деловни резултати. Со оваа поддршка младите претприемачи имаат поголеми можности да го развијат работењето и да опстанат на пазарот.

Досегашните анализи и искуства потврдуваат дека успешноста и развојот на малите и средни претпријатија, коишто располагаат со ограничени ресурси, е во тесна корелација со силната поддршка на соодветните институции коишто нудат помош од областа на информатиката, консултантски услуги, обуки, перманентно усовршување и финансиска

поддршка. Во трудот се презентирани резултатите од истражувањето чии фокус беа: (1) обуките на вработените во институционалната инфраструктура за поддршка на претприемаштвото

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето во делот на (1) важноста на институционалната поддршка за поголем развој на претприемаштвото, односно особено во делот на менторството, што практично значи примена на менторството како ефикасен начин за растот и развојот на претприемачките фирми, како и (2) постојано вклучување претприемачите во користењето на можностите на институционалната инфраструктура, што од своја страна ќе создаде услови за адекватни компетенции со цел обезбедување одржлив развој и конкурентска предност.

Конечно, целокупната методолошката концепираност на менторството како институт - со утврдените техники на менторство, типологија, сознанија од современите истражувања, програмите за корпоративно менторство, техниките за избор на компатибилен ментор, бизнис – менторство итн., мора се прифатат како можност за избор на најсоодветните модели со чија што примена врз објективно проценетите состојби во Р.Македонија, не само што ќе се постигне успех во унапредување на статусот на вработените, туку во најопшта смисла - ќе значи и создавање на квалитетни лидерски профили, со што се реализира уште еден несомнен чекор на прогрес во мноштво сфери од целокупниот општествен живот на Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на менторството во развојот на малите и средните претпријатија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како научен труд (scientific paper).*

8.Николовски, Љубиша и Марија Георгиевска, 2016. „Зголемување на капацитетите на претприемачите во функција на остварување на поголем раст и развој на бизнисот“, *Во зборник на Трета Меѓународна Научна Конференција, “Scientific Challenges for Sustainable Development”*, Струга, 8 и 9 април 2016, Република Македонија, 2(3), (220-233)

- *Достапност на трудот:* http://www.eust.edu.mk/Heritage/files/SCFSD16_2.pdf

ISBN 978-608-4573-22-7

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%

- *JEL класификација:* L26, M13,

*Опис на трудот*

Трудот се фокусира на влијанието кое го има поддршката врз развојот на претпремаштвото. Таа поддршка треба да се зајакнува и понатаму, а ефектите да бидат повидливи. Претприемачите треба постојано да вложуваат во јакнење на своите ресурси преку специјализирани обуки и менторство со цел континуирано да создаваат неопходни услови за одржлив развој, односно креирање и имплементација на нови или подобрување на постојните производи и /или услуги.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето во делот на преиспитување и докажување на следните две тези: 1) Ако претприемачите постојано се вклучуваат и ги користат можностите од страна на институционалната инфраструктура, ќе создадат услови за адекватни компетенции со цел обезбедување одржлив развој и конкурентска предност, и 2) Ако претприемачите постојано вложуваат во јакнење на своите капацитети преку специјализирани обуки, менторство и пристап до квалитетни финасиски ресурси, ќе создаваат услови за развој, односно креирање на нови или подобрување на постојните производи и /или услуги.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на претприемаштвото и неговото значење во развојот на претприемачките идеи кои се носители на развојот на едно општество во поширока смисла на зборот. Во таа смисла, авторите се залагаат да се обезбеди поголема подрршка и на претприемачите кои понатаму се очекува да созреваат деловно и да бидат носители на развојот на своите компании, со што ќе постанат во најголем број случаеви и менаџери и добри лидери во своите компании.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

9.Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2016. „Usability of knowlesge of practice – powerful engine of success in the family enterprise“, *In Proceedings of the Eighth International Scientific Conference KNOWLEDGE IN PRACTICE, 16-18 December, 2016 Bansko,* Republic of *Bulgaria,* KNOWLEDGE - International Journal, Vol.15.2 (567-572),

- *Вид на трудот (категорија): научен труд (scientific paper).*
- *Достапност на трудот: International Journal Scientific Papers Vol. 15.2,* ISSN 1857-92
- Global Impact and Quality Factor: 1,322 за 2016,
- *Опсег на трудот:* 0,5 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, M13,

*Опис на трудот*

Во трудот се разработува и анализира влијанието кое го има континуираната обука и образование на сите вработени како најважни принципи за остварување високи деловни резултати, односно можност претпријатието да реши многу проблеми во своето деловно опкружување. Најважниот дел во овој пристап е менаџерите и вработените да размислуваат како да се сопственици на претпријатието, а не како изолиран дел на организациската структура на семејното претпријатие. Праксата во развиените земји покажала дека обуката и образованието на вработените создава конкурентска предност. Деловниот успех денес се мери со степенот на навремена и континуирана обука која станува значајна компонента на новите методи и техники, особено заради изразената тенденција кон воведување нови high technology, и lean manufacturing во деловното опкружување, како и поголемата конкуренција на пазарот.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето во делот на управувањето со семејните претпријатија, односно знаењето како значаен чинител за одржливоста и успехот и нивниот развој. Во таа смисла, нагласено е големото значење од вложувањето во организирање и учество на разни обуки, семинари, работилници, каде знаењето постојано се надополнува со знаењето постигнато во праксата. Праксата покажала дека е неопходно и корисно развивање на адекватна интерна програма на обука која ќе овозможи на менаџерите и квалификуваните вработени да се подготват за успешно реализирање на комплексни задачи. Овој пристап е различен кај различни семејни претпријатија. Кај семејните претпријатија во кои семејството има предност, вообичаено е членовите на семејството интуитивно да учат од деловната пракса. За разлика од нив, кај претпријатијата во кои претпријатието има предност, се препознава потребата од формална обука. Паралелно со овој процес се одвива и процесот на развој на знаењето, како резултат на неговото постојано надоградување и подобување.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на користењето на знаењето во успешното работење на семејните претпријатија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како научен труд (scientific paper).*

10. Ѓеоргиевска, Марија и Љубиша Николовски, 2016. „Интегрираната поддршка на институционалната инфраструктура како предизвик поврзан со поголемата ефикасност на малите бизниси“, *Во зборник на Четвтата Меѓународна Научна Конференција СОВРЕМЕНИТЕ МЕНАЏЕРСКИ ПРЕДИЗВИЦИ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ НАУКИ,* со

предметен фокус "Преку организациска интеграција до поголема ефективност", 04-06 Нпември 2016 година Битола, Р.Македонија. (82-91)

- *Достапност на трудот: Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)

https://bib.irb.hr/datoteka/864687.4KonferencijaBASIM_ZbornikNaTrudovi_opt.pdf,

ISBN 978-608-4729-06-8

- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, M13,

*Опис на трудот*

Важноста на институционалната поддршка за поголем развој на претприемаштвото и малите бизниси е неопходна. Досегашните анализи и искуства потврдуваат дека успешноста и развојот на малите и средни претпријатија, коишто располагаат со ограничени ресурси, е во тесна корелација со силната поддршка на соодветните институции коишто нудат соодветна поддршка од областа на информатиката, консултантски услуги, обуки, перманентно усовршување и финансиска поддршка.

Многу државни институции, агенции, преку свои стратешки документи се залагаат за исполнување на основните цели за поддршка на претпријатијата или претприемаштвото воопшто.

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето за влијанието на следните фактори за зајакнување на капацитетите на институционалната инфраструктура за поддршка на претприемаштвото: (1) вложувањето од страна на централната и локалната власт во капацитетите на институциите за поддршка на претприемаштвото, (2) влијанието на учеството во специјализирани обуки и менторство на вработените во институциите со цел да се создаде успешна имплементација на институционална поддршка, (3) промоцијата на мерките на институционалната инфраструктура, (4) вклучувањето на претприемачите во процесите на користењето на можностите на институционалната инфраструктура, со што ќе создадат услови за адекватни компетенции со цел обезбедување одржлив развој и конкурентска предност, (5) вложување на претприемачите во јакнењето на своите капацитети преку специјализирани обуки, менторство и пристап до квалитетни финансиски ресурси, со што ќе создаваат услови за развој, односно креирање на нови или подобрување на постојните производи и /или услуги.

Во истражувањето беа вклучени 196 испитаници од 42 владини и невладини организации / институции и 36 производствени и услужни мали и средни претпријатија.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето на вкупно пет влијателни фактори презентирани во овој труд, недвосмислено ја потврдуваат поставената генерална хипотеза дека само со еден адекватен пристап на

мерките и активностите на заедницата на централно и локално ниво, може во континуитет да се обезбедуваат услови и можности за одржлив раст и развој на претприемачките бизниси. Во таа смисла, потенцирана е потребата поддршката да се зајакнува и понатаму, односно институциите треба и натаму да ги зголемуваат своите капацитети, да бидат поактивни и да се насочат повеќе кон едукација, доусовршување и поголемо искористување на сите можности кои ги даваат мерките, програмите, проектите на централно и локално ниво.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

11.Georgievska, Marija and Ljubisha Nikolovski, 2015. "Investing in institutions at central and local level - an important factor in creating capacities for successful institutional support of entrepreneurship", *In Proceedings of the Seventh International Scientific Conference KNOWLEDGE FOR CAPABILITIES AND SKILLS*, Bansko, 4-6.12.2015, Republic of Bulgaria, (KNOWLEDGE - International Journal, Vol.11/2, (19-23).

- *Достапност на трудот: International Journal Scientific Papers Vol. 11/2*
ISSN 1857-92
- *Вид на трудот (категорија): научен труд (scientific paper).*
- Global Impact and Quality Factor: 1,023 за 2015,
- *Опсег на трудот:* 0,5 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* L26, L29, M13,

*Опис на трудот*

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето за вложувањето на централната и локалната власт во капацитетите на институциите за поддршка на претприемаштвото, од една страна и задоволување на потребите на претприемачите во Република Македонија. од друга страна. Во истражувањето беа вклучени 196 испитаници од 42 владини и невладини организации / институции и 36 производствени и услужни мали и средни претпријатија. Важноста на институционалната поддршка за поголем развој на претприемаштвото е неопходна. Досегашните анализи и искуства потврдуваат дека успешноста и развојот на малите и средни претпријатија, коишто располагаат со ограничени ресурси, е во тесна корелација со силната поддршка на соодветните институции коишто нудат помош од областа на информатиката, консултантски услуги, обуки, перманентно усовршување и финансиска поддршка.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето спроведено меѓу претприемачите, разни институции, како државни така и невладини, домашни, странски, државни агенции и сл., која ја имаат бизнисите. Анализата на влијанието на сегашната поддршка врз развојот на претпремаштвото упатува на потребата институциите и натаму да ги зголемуваат своите капацитети, односно треба да бидат поактивни и да се насочат повеќе кон едукација, доусовршување и поголемо искористување на сите можности кои ги даваат мерките, програмите, проектите на централно и локално ниво. На таков начин може да очекуваат подобрување на сопствениот развој, напредок и раст.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на инвестирањето во институционалната инфраструктура на локално и национално ниво.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како научен труд (scientific paper).*

12.Николовски, Љубиша и Марија Георгиевска, 2015. „Специјализираните обуки и менторството на вработените во институционалната инфраструктура – основа за успешна поддршка на претприемаштвото во Република Македонија“, *Во зборник на Трета меѓународна научна конференција, ФАКТОРИ НА ОПКРУЖУВАЊЕ, ПРЕДИЗВИЦИ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ,* Економски Факултет и Факултет за Бизнис Администрација – ДУТ, Тетово, 4-5.12 2015 година Република Македонија.

- *Достапност на трудот:* http://unite.edu.mk,ISSN 1857-9566
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M38, M39.

*Опис на трудот*

– Овој труд претставува детално истражување во функција на докажување на влијанието на советувањето на претприемачите и МСП. Трудот се фокусира на една многу значајна и комплексна проблематика, која имајќи во ги вид позитивните ефекти, може слободно да се каже дека претставува еден од главните столбови во економијата на било која земја. Развојот на претприемаштвото во Република Македонија е пропратен со сите оние

потешкотии и остварувања кои се дел од една глобална и долгорочна стратегија. АППРМ во рамките на овие процеси во последните 15 години обезбеди позиција која се’ повеќе се зцврснува и објективно е прифатена од различни структури во Република Македонија и надвор од неа.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето спроведено меѓу претприемачите. Потребите на претприемачите се големи и бараат професионален пристап во давањето различни форми на поддршка за нивниот развој. Во таа смисла, АППРМ се’ повеќе се сngажира за јакнење на своите капацитети и можности, како и на оние организации за деловна поддршка на претприемачите и МСП кои се во нејзината мрежа. Наспроти големото значење на истражувањата, МСП имаат лимитирани можности за инвестирање во неопходни истражувања. Во таа смисла, оваа неможност треба да ја компензираат јавните институции и воопшто организациите за деловна поддршка. Од друга страна, МСП немаат релевантни информации и сознанија за истражувањата кои се реализираат на универзитетите, факултетите и институтите. Повторно, овој јаз треба да го премостат јавните институции.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на поврзана со советувањето на претприемачите и малите и средните претпријатија во Република Македонија. Искуствата покажуваат дека советувањето на претприемачите значајно се разликува од консултантството кај големите претпријатија. Заради тоа, кај малите претпријатија се потребни други пристапи и техники на давање совети.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

13. Nikolovski, Ljubisha, 2015 „Voucer system of subsidsized counseling in function of competitive advantage of small business in the Republic of Macedonia“,*In Proceedings of the Second International Scientific Conference „Scientific Challenges for Sustainable Development“,* Струга, 25 Април 2015 година.Volume 2, (570-583),

- *Достапност на трудот:* http:// www.eust.edu.mk/Heritage/files/SCFSD15.pdf

ISSN 1857-7482

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* L26, L29, M13,

*Опис на трудот*

Овој труд претставува детално истражување во функција на докажување на влијанието на ваучерската програма за субвенционирано советување  како пример на „најдобри меѓународни практики” за развој на МСП и унапредување на претприемништвото. Целта на ваучерската програма е да ги поттикне веќе воспоставените мали претпријатија да користат консултантски услуги за зајакнување на нивното работење и конкурентност, како и да им обезбедат советување, обука и информации на потенцијалните претприемачи за да ја олеснат нивната транзиција кон самовработување. Гледано од страна на обезбедувањето услуги, целта на ваучерската програма е да ги поттикне квалификуваните лица да влезат на консултантскиот бизнис, и/или веќе воспоставените консултанти да ги прошират своите услуги, како и да ги ангажира Организациите за деловна поддршка (ОДП) да станат регионален партнер на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ).

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето кои укажуваат на еднакво распространета на оваа програма  во сите региони и бизниси. За таа цел се предлага: (1) развивање на промотивно/комуникациска стратегија, вклучувајќи промотивни материјали и активности за поголемо вклучување на иновативни ваучери, (2) обезбедување на поголема национална покриеност, (3) воспоставување на појаки формални надворешни врски со слични проекти и активности, и (4) да се истражат можностите за кофинансирање.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на ваучерскиот систем на субвенционирано советување на малите и средните претпријатија во Република Македонија, како и потребата за таква помош кај активните микро, мали и средни претпријатија,

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

14. Николовски, Љубиша, 2015, „Јакнење на компетенциите и свесноста за претприемачко учење кај младите преттприемачи и наставниците по претприемаштво“, Бизнис Академија Смилевски – БАС, *Во зборник на Четврт симпозиум „Менаџментот и современите практики со предметен фокус на улогата на образовните установи во создавање на одржлива вработливост*, Скопје, 24.Април 2015 година, (234-141)

- *Достапност на трудот:* http://www.bas.edu.mk/dl/zborniciSimpozium/4Simpozium_BAS.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а

- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* L26, L29, M13,

*Опис на трудот*

Овој труд претставува детално истражување во функција на изградба на претприемачки свесно општество, односно зголемување на нивото на свест кај граѓаните за значењето и важноста на претприемачкото учење. За остварување на оваа цел во трудот се потенцира потребата од постојан развој на компетенциите на наставниците за претприемачко учење на сите нивоа на образование. Постојаната обука на наставниците е важен дел од активностите на претприемачкото учење. Создавањето на претприемачки наставник, е во директна функција на процесот на обучување кој е долг и организиран, односно секој наставник да реализира обуки за различни аспекти на претприемачкото учење на годишно ниво.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето за развиените и спроведени наставни програми кои ги подготвуваат претприемачите да се самовработат. Секако, од големо значење е и интегрирањето на најдобрите практики поврзани со претприемачкото учење како натпревари, презентирање на случаи, обуки, настани поврзани со претприемачко учење, промоции и слично, како и продолжување со веќе докажаните најдобри практики. Ова резултира во јакнење на компетенциите и свесноста за претприемачко учење кај младите претприемачи, односно ја поттикнува иницијативата за самовработување. Во таа смисла, во трудот особено се презентираат резултатите од реализираните програмски активности на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македоника – АППРМ, кои првенствено се поврзани со претприемачкото образование и учење.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката во делот на јакнење на компетенциите и свесноста за претприемачко учење кај младите преттприемачи и наставниците по претприемаштво.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

15.Николовски, Љубиша и Вера Бошковска, 2014 „Претприемачкото советување како процес – корисници, советници, потреба и пракса*“, Во зборник на Втора меѓународна научна конференција „Одржлив економски развој, достигнувања и предизвици“ SISCEF 2014*, Тетово, 05.12.2014 година.

- *Достапност на трудот:* http://unite.edu.mk,ISSN 1857-9566,

ISBN 978-608-217-017-6

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M38, M39.

*Опис на трудот*

– Овој труд претставува детално истражување во функција на докажување на влијанието на советувањето на претприемачите и МСП. Трудот се фокусира на една многу значајна и комплексна проблематика, која имајќи во ги вид позитивните ефекти, може слободно да се каже дека претставува еден од главните столбови во економијата на било која земја. Развојот на претприемаштвото во Република Македонија е пропратен со сите оние потешкотии и остварувања кои се дел од една глобална и долгорочна стратегија. АППРМ во рамките на овие процеси во последните 15 години обезбеди позиција која се' повеќе се зацврснува и објективно е прифатена од различни структури во Република Македонија и надвор од неа.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето спроведено меѓу претприемачите. Потребите на претприемачите се големи и бараат професионален пристап во давањето различни форми на поддршка за нивниот развој. Во таа смисла, АППРМ се' повеќе се снгажира за јакнење на своите капацитети и можности, како и на оние организации за деловна поддршка на претприемачите и МСП кои се во нејзината мрежа. Наспроти големото значење на истражувањата, МСП имаат лимитирани можности за инвестирање во неопходни истражувања. Во таа смисла, оваа неможност треба да ја компензираат јавните институции и воопшто организациите за деловна поддршка. Од друга страна, МСП немаат релевантни информации и сознанија за истражувањата кои се реализираат на универзитетите, факултетите и институтите. Повторно, овој јаз треба да го премостат јавните институции.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на поврзана со советувањето на претприемачите и малите и средните претпријатија во Република Македонија. Искуствата покажуваат дека советувањето на претприемачите значајно се разликува од консултантството кај големите претпријатија. Заради тоа, кај малите претпријатија се потребни други пристапи и техники на давање совети.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2.2.4. Учество во научни проекти

2.2.4.1. После избор во звање доцент

1. Кандидатот доц.д-р Љубиша Николовски учествувал во Програма Erasmus +: Проект CRAYON, Erasmis +KA2: Стратегиски партнерства за високо образование во периодот Септември 2015 година до Септември 2017 година.

Доц. Д-р Љубиша Николовски учествувал во изработката на студијата за поврзаноста на студиските програми со потребите на пазарот на трудот во Република Македонија. Посебен фокус од студијата се однесуваше на анализата на користени алатки кои од бизнис окружувањето се користат во наставата во високообразовните институции во делот на претприемачкото образование.
2. Кандидатот доц.д-р Љубиша Николовски учествувал во проектот Мерење и споредување на квалитетот на кластерите според стандардите на ЕУ. Овој проект бил финансиран од Министерството за економија и е реализиран во периодот Мај 2015 - Декември 2015 година.
Доц. д-р Николовски бил директно инволвиран во следните активности:
- Дефинирање на индикаторите согласно ЕУ стандардите за остварување на кластерска одличност,
- Подготовка на Прашалник за евалуација на кластерите во Република Македонија,
- Спроведување на анкетата кај кластерските здруженија и анализа на добиените резултатите од теренското истражување.

3. Кандидатот доц.д-р Љубиша Николовски учествувал во реализација на меѓународниот проект Implementation of the Strategic Piloting. Овој проект бил поддржан од Центарот на Југоисточна Европа за претприемашко учење и Центарот за кариера при Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје.
Главната цел на проектот беше да се зголеми свеста на академскиот кадар, како и студентите за неопходноста од претприемничките компетенции, со што ќе се воведе претприемачко учење на Природно-математичкиот факултет. Проектот беше спроведен на ниво на факултет во целина, а со тоа управуваше новоформираниот Центар за кариера, вклучувајќи ги и академскиот кадар и студентите од сите факултетски институти.
Во спроведување на проектот од суштинска важност беше вклучувањето на консултантски компании, Националната агенција за поддршка на претприемништво, Националниот фонд за поддршка на иновации и трансфер на технологии, како и Националната агенција за индустриска и интелектуална сопственост.

Фокусни точки на проектните активности се две работилници, кои се дизајнирани како повеќенаменски настани, опфаќајќи пренос на основни знаења за претприемништвото, дисеминација на резултатите од проектот, промовирање на факултет пред државните

агенции и бизнис секторот и обезбедување форум за академска дискусија за претприемништвото, апликативната работа и комерцијализацијата на иновативни истражувања.
Во рамки на проектот кандидатот работел како експерт за претприемништво и бил одговорен реализатор на наставни активности на следните теми:

- „Почетните бизниси и нивната поддршка“, работилница: *Претприемаштво и апликативна дејност во природните науки,* реализирана на 16.06.2015 година во просториите на ПМФ, Скопје, и
- „Развивање на иновативни мали компании“, работилница: *Претприемаштво и иновации,* реализирана на 27.11.2015 година, во просториите на ПМФ, Скопје.

4. Кандидатот доц.д-р Љубиша Николовски учествувал во проект: „Проект на креативни бизниси“, Скопје, Република Македонија, во периодот 10 Декември, 2010 – 31 Октомври, 2012 година Ово проект бил финансиран од страна на USAID и МАТА (Македонска Артисанска Трговска Асоцијација).
Опис и цели на проектот:
Поттикнување на развојот на секторот на креативните индустрии во Македонија креирајќи можности за постојни вработувања и зголемен приход за креативните микро и мали претприемништва преку:

1. Зајакнување на капацитетот за креативни индустрии (ЦИЦ) – Скопје со цел зголемување на бројот на сервисите за компаниите,
2. Овозможување продуктивно вработување преку работа со невработени млади и жени со цел започнување сопствен бизнис, и
3. Подобрување на бизнис перформансите намикро и малите претприемништва во секторот на креативните бизниси за да можат успешно да одговорат на барањата на пазарот.

Во рамките на проектот кандидатот работел како експерт за претприемништво и бил одговорен реализатор на наставни активности (работилници) на следните теми:
- „Почетните бизниси и нивната поддршка“,работилница реализирана на 10.11.2011 година, Скопје, Младински културен центар,
- „Почетните бизниси – предизвик на претприемачите и креаторите на програмите за нивна поддршка“, работилница реализирана на 18.05.2012 година, Скопје, Младински културен центар,
Резултати на проектот: (1) Основани 30 нови креативни бизниси, (2) Основани 60 нови работни места во секторот на креативни индустрии, (3) Дизајнирани и развиени повеќе од 40 линии на модни додатоци од страна на 30 локални дизајнери, (4) Креирани 30 нови портфолија за производи и развиени 160-200 нови производи.
2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат неговата повеќегодишна активна научна дејност, и го афирмираат д-р Љубиша Николовски како признат научник.
Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, доц. д-р Љубиша Николовски, опфаќа 32 научни трудови, од кои 7 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во

меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа објавил и 25 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции од кои 5 трудови со фактор на влијание (impact factor).

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на менаџментот, претприемаштвото и организацијата на производството и друго.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажал способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на претприемаштвото, менаџментот, иновациите  и друго, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Љубиша Николовски успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на претприемаштвото, менаџментот, иновациите и друго.

Д-р Љубиша Николовски  поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Љубиша Николовски е квалификуван со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на Д-р Љубиша Николовски и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оцена на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е 25 *години активен во научно-истражувачката работа;*
- Изработил и одбранил докторска дисертација;
- Објавил вкупно 7 *научни трудови од категорија а1* — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (EBSCO – 7 трудови);

- Во зборници на трудови *категорија на трудови а2,* објавил вкупно *25 трудови*;
- Учествувал како соработник – истражувач во 4 научни проекти: (1) Програма Erasmus, (2) Министерството за економија, (3) меѓународен проект Implementation of the Strategic Piloting, (4) Проект на креативни бизниси", Скопје, Република Македонија, *(Прилог).*
- Научни трудови објавува на англиски јазик (10), и на македонски јазик (17);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на економија;
- Активно учествувал на вкупно 22 *меѓународно научни конференции (11 одржани во странство и 14 одржани во земјата),* со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на применетата економија во доменот на економика на претпријатија и економска пракса.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на доц. д-р Љубиша Николовски по својот оспег, квлитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат организацијата на работата и претпријатијата во целост како наука, а особено областа на примената на претприемаштвото менаџментот во претпријатија и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, доц. д-р Љубиша Николовски во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејговите научни трудови и научен придонес ја афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на организациони науки и уравување (менаџмент), област Претприемништво, Бизнис менаџмент, Стратешки менаџмент и Друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатт ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски во целост е квалификуван за избор во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје 5 *Општествени науки*, научно-истражувачко поле 506 организациони науки и уравување (менаџмент), област 50623 Претприемништво и 50624 Друго, во согласност со условите дефинирани во Член 125 Став 3 од Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015 ; 30/2016 и 127/2016).

## 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 3.1. Наставна дејност

На 16 декември 2010 година (со одлука бр. 2702-6913) е избран за наставник во наставно-научно звање насловен доцент по група предмети од наставно-научно подрачје машинство на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Машински факултет – Виница.. Бил ангажиран во наставата на првиот циклус на студии во учебната 2010/2011 година на предметот Индустриски менаџмент.

На 24 октомври 2012 година (со одлука бр.02-204/1 е избран во наставно-научно звање доцент по група предмети од областа на претприемачкиот бизнис на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Во учебната 2012/2013 и учебната 2013/2014 година бил ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

а) додипломски студии: Иновативен менаџмент, Претприемаштво и мал бизнис, Стратегиски менаџмент, Деловно одлучување, и Бизнис план, и

б) постдипломски студии: Претприемаштво и претприемачки бизнис, Оперативен менаџмент.

Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми. Во таа смисла, на 03 септември 2011 година е избран за член на Советодавен одбор (Advisory Board) на Факултетот за претприемачки бизнис на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Неговата улога во Советодавниот одбор била да дава соодветни стручни предлози за унапредување на дејноста и работата на Факултетот и да придонесува за афирмација на Факултетот во јавноста на РМ и пошироко.

Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувал во комисии за одбрана на дипломски трудови и магистерски трудови, бил ментор на кандидати во изработка на магистерски трудови.

а) Поглавја во книги (а2)

### 4.3. Прирачници

1. Љубиша Николовски 2011, *Заштита на правата од индустриска сопственост* 2011, Прирачник за малите и средните претпријатија за примена на Законот за индустриска сопственост, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Скопје, мај 2011 година.

- *Достапност на прирачникот:* www.apprm.gov.mk, www.een.mk
- *Опсег на прирачникот:* 38 страници.
- *Прирачникот го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, научно-истражувачко поле организациони науки и уравување (менаџмент), област Претприемништво и Бизнис менаџмент,
- *Јазик на кој е напишан прирачникот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%.

*Опис на трудот*

Прирачникот ги има 6 поглавја: (1) Вовед во постапката за признавање на правата од индустриска сопственост, (2) Право на патент, (3) Право на индустриски дизајн, (4) Право на трговска марка, (5) Географски назив, (6) Пренесување и отстапување на правата од индустриска сопственост.

*Стручен придонес на трудот*

Кандидатот го подготви прирачникот со единствена цел истиот да ги насочува активностите кои компаниите ги превземаат во реализација на своите намери да ги заштитат правата од индустриската сопственост (патент, модел и мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот). Заштитата на правата од индустриска сопственост е единствен инструмент кој игра голема улога во индустријата. Иако кај македонските компании употребата на интелектуална сопственост, во целина, е мошне ограничена, истите се свесни дека креирањето и управувањето со интелектуалната сопственост  е од клучно значење за одржување на нивниот раст, конкурентноста и проширување на своите пазари.

*Личен стручен придонес на авторот*

Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 100% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на Заштитата на правата од индустриска сопственост. Кандидатот ги познава и детално го образложува постапките на заштитата на правата од индустриската сопственост: патент, дизајн, трговска марка, географски назив, пренесување и отстапување на правата.

2. Љубиша Николовски, Маријан Стојчев, 2008, *Прирачник на процедури за спроведување на програмата за ваучерско советување на малото стопанство и помош при самовработување во РМ,* Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ, Скопје.

- *Достапност на прирачникот:* www.apprm.gov.mk
- ISBN 978-9989-2894-0-8
- *Опсег на прирачникот:* 177 страници.
- *Прирачникот го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, научно-истражувачко поле организациони науки и уравување (менаџмент), област Претприемништво и  Бизнис менаџмент,
- *Јазик на кој е напишан прирачникот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%.

*Опис на трудот*

Прирачникот се однесува на Програмата за ваучерско советување и на нејзините целни групи како на две поврзани компоненти: (1) ваучерско советување за помош при самовработување, и (2) ваучерско советување за малите и средните претпријатија.

Трудот содржи три дела: (1) Концепт на Програмата за субвенционирано советување, (2) Прирачник за ваучерско советување во република Македонија, (3) Резултати и анализа.
1. Концептот на Програмата за субвенционирано советување ги опфаќа следните делови: (1) Основи за подготовка на Програмата, (2) Опис на ваучерското советување, (3) Цели на Програмата, (4) Критериуми за вклучување во ваучерскиот систем на советување (ВСС), (5) Процес на советување, (6) Учесници во Програмата, (7) Промоција на Програмата, (8) Индикатори за имплементација на Програмата, (9) Претпоставки и ризици.
2.Прирачникот ги има следните 10 поглавја: (1)Вовед, (2) Опис на Програмата, (3) Партнери во програмата, (4) Управување и имплементирање на програмата, (5) Процес на испорака на услугите, (6) Движење на деловната документација во АППРМ, (7) Чување на документацијата, (8) Вршење надзор врз спроведување на програмата, (9) Прилози, (10) Важност на приршникот за спроведувасе на програмата за ваучерско советување.
3.Резултати и анализа ги разработува следните делови: (1) Пилот фаза и фаза на имплементација, (2) Методологија, заклучоци, анализа и предлози, (3) Резултати, (4) Мониторинг, (5) Финансиски преглед, (6)

*Стручен придонес на трудот*
Прирачникот обезбедува:

- Детално објаснување на улогата и одговорностите на сите учесници во програмата, особено на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и Организациите за деловна поддршка,
- Преглед на постапката за двете компоненти на Програмата, вклучувајќи го работниот процес како и специфични чекори кој го следат овој процес,
- Документи и формулари поврзани со Програмата за ваучерско советување – документи за поддршка.

*Личен стручен придонес на авторот*
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на ваучерското субвенционирано советување на претприемашите – невработени лица, како и малите и средните претпријатија.

3. Група на 11 автори, Љубиша Николовски,1994, *Прирачник за примена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал,* Скопје, Агенција на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општствен капитал.

- *Достапност на прирачникот:* Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје
- 347.72(497.17)(094.5)(035)
- *Опсег на прирачникот:* 235 страници.

- *Прирачникот го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, научно-истражувачко поле организациони науки и уравување (менаџмент), област Претприемништво и Бизнис менаџмент,
- *Јазик на кој е напишан прирачникот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100%
- *Проценет придонес на авторот:* 9%.

*Опис на трудот*

Во овој прирачник е даден детален приказ на состојбите во доменот на приватизацијата во стопанството на Република Македонија, дадени се сите законски прописи врзани за оваа материја со неопходните коментари, посебно се елаборирани постапките за апликација на конкретнигте методи и техники за приватизација, основите на методологијата за проценка на општествениот капитал и т.н.

*Стручен придонес на трудот*

Прирачникот ги има разработени селедните теми:

1. Извештај за приватизацијата на претпријатијата. Во овој дел се опфатени: Стратегијата и програмата на приватизација; Резултати од приватизацијата; Приватизација преку преструктуирање; Странска технича помош.
2. Основни обележја натрансформацијата на претпријатијата со општествен капитал.
3. Рокови и постапка за донесување одлука за трансформација на претпријатијата.
4. Како да се подготви програма за начинот на остварување на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал.
5. Заштита на правата на поранешните сопственици.
6. Начини и постапки за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.
7. Како претпријатието да ја води евиденцијата на попустите.
8. Како да се постапи за да се обезбедат податоци и докази за правото на сопственост, располагање, користење и управување со недвижности.
9. Проценка во процесот на трансформација.
10. Довршување на трансформацијата во претпријатија кои го започнале процесот според законот за општествен капитал.
11. Претварање на интерните акции во обични акции.

*Личен стручен придонес на авторот*

Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 9% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката повзана со начините и постапките за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Кандидатот е автор на шестиот дел, односно тема „Начини и постапки за трансформација на претпријатијата со општествен капитал" од прирачникот, детално прикажувајќи ги специфичностите кои ги карактеризираат следните начини и постапки: (1) Трансформација на мало претпријатие: Откуп на претпријатието од страна на вработените; Продажба на идеален дел на претпријатието,

(2) Трансформација на средно претпријатие: Продажба на идеален дел на претпријатието; Откуп на претпријатието; Продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето со претприајатието; Издавање на акции заради дополнително вложување; и Претворање на побарувањата на доверителите во траен влог.
(3) Трансформација на големо претпријатие – освен со одредени посебности се спроведува согласно условите, начините и постапките кои се применуваат за средните претпријатија.
(4) Издавање на претпријатието во закуп – модел кој го малите, средните и големите претпријатија.
(5) Трансформација со продажба на сите средства на претпријатието - модел кој го малите, средните и големите претпријатија.

3.2. Оценка од самоевалуација
Во 2012 и 2013 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Според анализата на резултатите од објавената самоевалуација за 2013 година, доц. д-р Љубиша Николовски по предметот Претприемаштво и мал бизнис од студентите позитивно е оценет со оценка 4,73.

За другите предавани предмети во учебните 2012/2013 и 2013/2014 година на:
а) додипломски студии: Иновативен менаџмент, Претприемаштво и мал бизнис, Стратегиски менаџмент, Деловно одлучување, и Бизнис план, и
б) постдипломски студии: Претприемаштво и претприемачки бизнис, Оперативен менаџмент.
нема податоци за самоевалуација на кандидатот во објавените самоевалузации за 2012 и 2013 година.

3.3. Оценка на севкупната наставна дејност
Во рамки на наставната активност, доц. д-р Љубиша Николовски, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.
Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.
Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.
Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во

наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.
Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Факултетот за претприемачки бизнис особено по предметите Претприемаштво и мал бизнис, Стратегиски менаџмент, Иновациски менаџмент, Бизнис план, Оперативен менаџмент и Деловно одлучување. Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на претпеиемаштвото и менаџментот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

– 4.1. Рецензии

Кандидатот, доц. д-р Љубиша Николовски не бил член во рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници за група предмети од соодветната област во рамките на своето работно ангажирање како доцент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и претходно како доцент на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
Кандидатот, доц. д-р Љубиша Николовски има напишано рецензија на книгата „Менаџмент на туристички агенции и туроператори“ од авторот М-р Томо Бојаџиески, (Слово, Скопје, 2015 година, ISBN 978-608-4656-30-2). Авторот обработува значајна проблематика од областа на менаџментот во туризмот, и тоа како од научен, така и од апликативен аспект. Туризмот како стопанска дејност е значаен елемент во создавањето на општествениот производ, односно тој повлекува и одредено ниво на развој и на други дејности и гранки од стопанството.

– 4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, доц. д-р Љубиша Николовски, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи менаџерски техники и концепти заради унапредување на менаџерските вештини и иновирање на делувањето на современите организации.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на претприемаштвото и менаџментот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес (иновациски менаџментт, стратегиски менаџмент, претприемачки бизнис, оперативен менаџмент, бизнис план и деловно

одлучување), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идното успешното менаџирање со организациите и институциите.

## 4. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на д-р Љубиша Николовски, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 125 став 3 од Законот за високото образование на Република Северна Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

1. Кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски има објавени шест научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.
3. Кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски има учество во четири научно-истражувачки проекти.
4. Кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
5. Кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски има покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
6. Кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски била ментор на над 10 дипломски работи, 5 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 20 магистерски трудови.
7. Кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски има позитивна оценка од самоевалуација.
8. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот доц. д-р Љубиша Николовски и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
9. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за нејзините постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
10. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на претприемачки и менаџмент дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на ННС на Факултетот за претприемачки бизнис на

Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, доц. д-р Љубиша Николовски да го избере во наставно-научно звање вонреден професор *во научно-истражувачкото подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50623 Претприемништво и 50624 Друго.*

Рецензентска комисија:

Д-р Радмил Поленаковиќ, редовен професор, претседател, с.р
Д-р Зоран Јаневски, редовен професор, член, с.р
Д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член, с.р

Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот

| Тип на трудот | Пред избор во доцент | После избор во доцент | Вкупно |
|---|---|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | 1 | 6 | 7 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | 7 | 13 | 20 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции<br>4. Книги | 3 | 2 | 5 |
| ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ | | | 32 |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>5. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | | | |
| 6. Проекти студии и рецензии<br>7. Прирачници | 1<br>2 | 4<br>1 | 5<br>3 |
| ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ | 3 | 5 | 8 |
| 8. Други трудови | | | |
| ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ | 14 | 25 | 40 |